**20261462081**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА**
**СУДСКА СЛУЖБА**

Се прогласува Законот за судска служба,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2026 година.

Бр. 08-4310/1
26 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА СУДСКА СЛУЖБА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат статусот, начелата, пополнувањето на работни места преку вработување, унапредување и мобилност, Регистарот за судска служба, класификацијата, стручното усовршување и оспособување, управување со учинокот, дисциплинската и материјалната одговорност, системот на плати, додатоци и други надоместоци на плати, престанок на вработувањето и други прашања во врска со работниот однос на вработените во судската служба, како и составот и надлежностите на Советот на судска служба.

Член 2

Судската служба ја сочинуваат: посебните државни службеници(во натамошниот текст судски службеници), државните службеници, судската полиција и помошно техничкиот персонал.

Член 3

(1) Судските службеници се лица вработени во судовите кои засновале работен однос заради вршење на посебни судски стручни работи и имаат статус на посебен вид на државни службеници, вршат судско-стручни и административни работи за потребите на судот во согласност со овој закон, Судскиот деловник и други закони.

(2) Државните службеници се лица вработени во судовите кои засновале работен однос заради извршување на општите административните работи во делот на нормативно правните, материјално финансиските, управување со човечките ресурси, односи со јавност, јавни набавки, ревизорските работи, плански и аналитички работи.

(3) Судската полиција ја сочинуваат овластени службени лица вработени во судовите кои вршат работи поврзани со обезбедувањето на објектите, имотот и лицата, како и одржување на редот и мирот во судот за непречено спроведување на службените активности во објектите на судска власт.

(4) Вработени во судовите за техничка поддршка и други помошно-организациски работи се лица вработени во судовите кои немаат статус на судски службеници и овластени службени лица и истите вршат помошни и технички работи со кои се обезбедува непречено функционирање на судовите.

(5) Судските службеници правата од работен однос ги остваруваат согласно овој закон и колективните договори, а за прашањата од работен однос на судските службеници кои не се уредени со овој закон се применуваат Закон за административните службеници, Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за судовите и Законот за работните односи и другите општи прописи од работните односи.

Член 4

(1) Вработените во судската служба работите утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, професионалност, одговорност, ефикасност, забрана за дискриминација, професионална етика, непристрасност, објективност, транспарентност и доверливост, спречување судир на интереси и економичност.

(2) Вработените во судската служба во рамките на својата надлежност се должни да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни слободи, права и интереси во постапките пред судовите.

Член 5

(1) Работните места во судовите им се достапни на сите заинтересирани кандидати, кои ги исполнуваат условите за тие работни места, под еднакви услови и еднаков пристап.

(2) При пополнување на работните места во судовите, се почитуваат начелото на стручност и компетентност, родова еднаквост и инклузивност.

**Поимник**

Член 6

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. **„Работно место“** е најмалата единица во организациската структура на судот која во актот за систематизација е опишана со ниво, општи и посебни услови, цели и работни задачи и други податоци од интерес за работното место;
2. **„Стручни квалификации“** се формалното образование и другите форми на стручно образование на кандидатот, односно вработениот за кои поседува диплома или сертификат;
3. **„Работно искуство во струка“** е периодот кој вработениот го поминал во работен однос, односно во извршување на работни задачи, во земјава или странство, по стекнување на определен степен, односно ниво на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование, а кој се потврдува со акт за вработување или друг вид на договор, решение или друг акт кој не е евидентиран во агенција за вработување или доказ издаден од агенција за вработување. Судските

службеници кои стекнале повисоко образование пред или во текот на работењето во судот и не биле распоредени на работно место соодветно на нивното стекнато повисоко образование а извршувале работни задачи за кои е потребно повисоко образование, во работно искуство во струка им се засметува и тој период.

4. **„Работни компетенции“** се збир од знаења, вештини и способност на кандидатот, односно вработениот за да ги извршува работите и работните задачи на работното место и истите можат да бидат општи и посебни;

5. **„Вработување“** е постапка на пополнување на работно место во судската служба која се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место;

6. **„Унапредување“** е постапка на пополнување на работно место во судската служба која се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место во од редот на институцијата која спроведува интерен оглас;

7. **„Непосредно претпоставен“** во смисла на овој закон е раководниот вработен во судската служба од четврто ниво кој раководи со организационата единица во рамки на која е распореден вработениот во судската служба, а доколку тоа место не е пополнето тогаш раководниот вработен во судската служба на ниво непосредно повисоко од второ ниво или прво ниво и

8. **„Кандидат“** во смисла на овој закон е лице кое се пријавило на јавен односно интерен оглас за пополнување на работно место во судската служба.

## II. КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 7

(1) Работните места на судските службеници се класифицираат согласно со:

- одговорноста, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и
- потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за работното место.

(2) Општите работни компетенции се утврдени во Рамката на општи работни компетенции.

(3) Критериумите од ставот (1) алинеја 2 на овој член се утврдуваат како посебни услови за работното место и во актот за систематизација на работни места на судот.

### Категории на работни места на судски службеници

Член 8

(1) Согласно критериумите од членот 7 став (1) од овој закон, работните места на судските службеници се класифицираат во четири категории и тоа:

- категорија А - судски администратори,
- категорија Б - раководни судски службеници,
- категорија В - стручни судски службеници и
- категорија Г - помошно-стручни судски службеници.

(2) Во рамките на категориите од ставот (1) на овој член, се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на судски службеници.

**Звања**

Член 9

(1) За судските службеници, нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

-А1-судски администратор во Врховниот суд на Република Северна Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и во основните судови со проширена надлежност,

- Б1 - самостоен судски советник,
- Б2 - раководител на служба
- Б4 - раководител на судски оддел,
- Б4 - раководител на судско одделение,
- В1 - виш судски советник, судски советник,
- В2 - виш судски соработник,
- В3 - судски соработник,
- В4 - помлад судски соработник,
- Г1 - самостоен судски референт,
- Г2 - виш судски референт и виш референт,
- Г3- судски референт,
- Г4- помлад судски референтС.

(2) Описот на звањата на судските службеници ги пропишува со акт Советот на судската служба.

**Ниво на работно место на судски службеници од категоријата А**

Член 10

(1) Во рамките на категоријата А се утврдува следното ниво на работно место на судски администратор:

- А1 – судски администратор.

(2) Судскиот администратор се вработува од редот на судските службеници кои ги исполнуваат следните посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

2) работно искуство од најмалку седум години работно искуство во струката по положен правосуден испит,

3) општи работни компетенции за сите нивоа- категорија Б согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции за сите нивоа: познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

**Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата Б – раководни**

Член 11

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места на судски службеници:

- Б1 - раководен судски службеник од прво ниво,

- Б2 - раководен судски службеник од второ ниво и
- Б4 - раководен судски службеник од четврто ниво.

(2) Раководниот судски службеник од категоријата Б треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации и потребно работно искуство и тоа:

- за нивото Б1 со звање самостоен судски советник: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку шест години работно искуство во струката по положен правосуден испит,
- за нивото Б2 со звање раководител на служба: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство во струката по положен правосуден испит,
- за нивото Б4 со звање раководител на судски оддел: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку четири години работно искуство во струката по положен правосуден испит,
- за нивото Б4 со звање раководител на судско одделение: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку четири години работно искуство во струката по положен правосуден испит,

2) општи работни компетенции за сите нивоа на категоријата Б согласно со Рамката на општи работни компетенции и

3) посебни работни компетенции за сите нивоа: познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

**Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата В – стручни**

Член 12

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места на судски службеници:

- В1 - стручен судски службеник од прво ниво,
- В2 - стручен судски службеник од второ ниво,
- В3 - стручен судски службеник од трето ниво и
- В4 - стручен судски службеник од четврто ниво.

(2) Стручниот судски службеник од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации и потребно работно искуство и тоа:

- за нивото В1 со звање виш судски советник и судски советник: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во струката по положен правосуден испит,
- за нивото В2 со звање виш судски соработник: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство во струката по положен правосуден испит,
- за нивото В3 со звање судски соработник: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку една година работно искуство во струката по положен правосуден испит,
- за нивото В4 со звање помлад судски соработник: стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или VI/А степен со или без работно искуство во струката;

2) општи работни компетенции за сите нивоа - категорија В, согласно со Рамката на општи работни компетенции и

3) посебни работни компетенции за сите нивоа: познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

**Нивоа на работни места на судски службеници од категоријата Г – помошно-стручни**

Член 13

(1) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места судски службеници:

- Г1 - помошно-стручен судски службеник од прво ниво,
- Г2 - помошно-стручен судски службеник од второ ниво,
- Г3 - помошно-стручен судски службеник од трето ниво и
- Г4- помошно-стручен судски службеник од четврто ниво.

(2) Помошно-стручниот судски службеник од категоријата Г треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации и потребно работно искуство и тоа:

- за нивото Г1 со звање самостоен судски референт IV, стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование или најмногу 180 кредити според ЕКТС и најмалку три години работно искуство во струката.
- за нивото Г2 со звање виш судски референт - IV, стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование и најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото Г3 со звање судски референт и IV, стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование и најмалку една година работно искуство во струката и
- за нивото Г4 со звање помлад судски референт - IV стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование, со или без работно искуство во струката.

2) општи работни компетенции за сите нивоа - категорија Г согласно со Рамката на општи работни компетенции и

3) посебни работни компетенции за сите нивоа: познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Член 14

За класификацијата на работните места и сите други прашања поврзани со правата и обврските од работниот однос на државните службеници вработени во судовите, се применуваат одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни и службеници.

## III. СОВЕТ НА СУДСКА СЛУЖБА И СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР

**Совет на судска служба**

Член 15

(1) За остварување и заштита на правата на судската служба се формира Совет на судската служба (во натамошниот текст: Советот) со седиште во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(2) Советот го сочинуваат 11 члена, и тоа: судскиот администратор на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судските администратори на апелационите судови Битола, Гостивар,Скопје и Штип, судскиот администратор на Вишиот управен суд и судскиот администратор на Управниот суд како постојани членови и четири судски администратори на судови со проширена надлежност, кои меѓусебно ќе ротираат на период од три години, според редоследот на судовите утврден во Законот за судовите.

(3) Претседател на Советот се избира од редот на постојаните членови на Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите. Мандатот на претседателот на Советот е во траење од две години.

**Надлежност на Советот на судската служба**

Член 16

Советот ги врши следниве работи:

- одлучува во втор степен по поднесени жалби и приговори изјавени против одлуки за засновање и престанок на работен однос на вработените во судската служба,
- одлучува во втор степен по поднесени жалби и приговори изјавени против донесени одлуки за утврдени и изречени дисциплински мерки, материјална одговорност и суспензија,
- одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки за повреда во остварување права од работен однос на вработените во судската служба,
- утврдува методологија за бројот на вработените во судската служба,
- го утврдува описот на звањата на судските службеници,
- ја донесува Рамката за општи работни компетенции,
- дава согласност на актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места во судовите,
- донесува Кодекс за етика на вработените во судската служба,
- донесува Деловник за работа на Советот и
- ја изготвува и ревидира базата на прашања за испит за судски службеник, најдоцна на секои две години.

**Начин на одлучување на Советот на судска служба**

Член 17

(1) Советот заседава и полноправно одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од членовите на Советот.

(2) Советот одлуките ги донесува на седница со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) Член на Советот кој одлучувал во прв степен се иззема при донесување на одлуките.

(4) Советот при одлучувањето може:

- да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена,
- да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди првостепеното решение,
- да ја уважи жалбата и во целост или делумно да го укине првостепеното решение и предметот да го врати на повторно одлучување или
- да ја уважи жалбата и во целост да одлучи по однос на прашањето кое е предмет на жалбата.

(5) Стручно-административните работи за Советот ги врши Одделение во состав на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Надлежност на судскиот администратор**

Член 18

Судскиот администратор:

- раководи со судската служба, освен со судската полиција,
- одговорен е за остварување и вршење на стручните и административно-техничките работи на судот,
- одлучува за правата, обврските и одговорностите на вработените во судската служба, освен за судската полиција,
- врши работи од судската управа во рамките на својот делокруг на работа утврдени со овој закон, Судскиот деловник и други прописи и подзаконски акти и
- соработува со претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа кои се во делокругот на работите на претседателот на судот.

IV. ВИДОВИ НА ВРАБОТУВАЊА ВО СУДСКАТА СЛУЖБА

Член 19

(1) Работниот однос судските службеници го засноваат на неопределено време.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, работниот однос може да се заснова на определено време.

**Вработување на определено време**

Член 20

(1) Работниот однос на определено работно време може да се заснова заради:

- замена на привремено отсутен вработен, кој е отсутен повеќе од еден месец и
- привремено зголемен обем на работа.

(2) Вработувањето од ставот (1) алинеја 1 на овој член, трае до истекот на одобреното отсуство на отсутниот вработен, а најдолго две години.

(3) Вработувањето од ставот (1) алинеја 2 на овој член трае додека трае потребата на судот.

(4) Заради вработување во случаите од ставот (1) на овој член, претседателот на судот објавува јавен оглас, согласно со општите прописи за работни односи.

(5) Договорите за вработување на определено време согласно со основите утврдени во ставот (1) на овој член, може да се склучат само ако судот ги обезбедил потребните финансиски средства со претходно обезбедена согласност од Судски буџетски совети претходно добиено известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства.

(6) Правата и должностите од работен однос на вработените на определено време се уредуваат со одредбите на Законот за работни односи и колективни договори.

**Вработување на неполно работно време**

Член 21

(1) Полното работно време на вработените во судската служба изнесува 40 часа неделно.

(2) За неполно работно време се смета времето кое е пократко од полното работно време, и истото може да изнесува најмалку 20, а најмногу 30 часа неделно.

(3) Претседателот на судот на барање на вработениот во судската служба, може да донесе решение за неполно работно време заради:

- грижа за прво дете, до негова двегодишна возраст,
- грижа за второ дете, до негова две и полгодишна возраст,
- грижа за трето дете, до негова тригодишна возраст,
- грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и
-намалена работна способност, согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, прописите за здравствено осигурување или други прописи.

(4) Во условите од ставот (3) алинеите 1, 2 и 3 на овој член, вработениот во судската служба може да поднесе барање за работа со неполно работно време, ако работи со полно до претседателот на судот, кој во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето донесува решение.

(5) Во условите од ставот (3) алинеите 4 и 5 на овој член, вработениот во судската служба, врз основа на решение од надлежен орган, може да поднесе барање за работа со неполно работно време до претседателот на судот, кој во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето донесува решение.

(6) Платата, придонесите од плата, додатоците на плата, одморот и другите услови за вработениот во судската служба кој работи со неполно работно време, се определуваат во однос на бројот на работни часови неделно.

## V. ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### Начини на пополнување на работни места на судските службеници

Член 22

(1) Пополнување на работно место на судски службеник се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување преку објавување на јавен оглас,
- унапредување преку објавување на интерен оглас и
- мобилност преку распоредување или преземање.

(2) За пополнување на работно место од став (1) на овој член, се спроведува транспарентна, фер и конкурентна постапка.

(3) Постапката за пополнување на работно место од ставот (1) на овој член, се спроведува по известување за обезбедени финансиски средства од Судскиот буџетски совет и известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

(4) Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите на внатрешната организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на судовите, го донесува министерот за правда.

### Општи и посебни услови за пополнување на работни места

Член 23

(1) За пополнување на работно место во судската служба, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,

- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(2) Покрај општите услови за пополнување на работно место на судски службеник од ставот (1) на овој член, кандидатот треба да ги исполни следниве посебни услови:

- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- има соодветно работно искуство потребно за работното место,
- да поседува соодветни општи и посебни работни компетенции потребни за работното место и
- други услови утврдени со актот за систематизација на работните места.

(3) Како дополнителен услов за пополнување на работно место на судски службеник може да се утврди и:

- статус на дете без родители и родителска грижа, кое до својата осумнаесетгодишна возраст имало ваков статус, согласно со закон,
- статус на лице со попреченост, согласно со закон и
- статус на корисник на државна стипендија, согласно со закон.

(4) Постапката за вработување на вработените кои вршат техничка поддршка и други помошно- организациски работи се спроведува согласно општите прописи за работни односи.

## VI. ВРАБОТУВАЊЕ НА СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

### Годишен план за вработување

Член 24

(1) Судовите имаат обврска да ги планираат вработувањата во судската служба согласно нивните потреби и утврдените стратешки приоритети за наредната година, а по претходно донесени акти за внатрешна организација и систематизација на работните места и целосно внесени податоци во ИСУЧР за што претседателот на судот подготвува годишен план за вработувања на судските службеници за следната календарска година (во натамошниот текст: годишен план).

(2) Претседателот на судот е должен најдоцна до 1 март во тековната година за наредната да го донесе и достави планот од ставот (1) на овој член, на согласност до Судскиот буџетски совет кој ги содржи следните податоци:

- податоци за пополнетост на работните места во институцијата,
- податоци за број на планирани пензионирања и податоци за други планирани движења на вработените,
- податоци за потреба од нови вработувања на неопределено време и
- други податоци со кои располага институцијата во моментот на пополнувањето.

(3) Судскиот буџетски совет врз основа на добиените планови од судовите најдоцна до 31 март донесува Единствен годишен план за вработување во судовите, кој го објавува на интернет страницата на Судскиот буџетски совет.

(4) Годишниот план за вработување од ставот (3) на овој член се доставува до Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација заради известување, најдоцна до 1 септември во тековната година за наредната година.

(5) Во текот на годината, Годишниот план за вработување од ставот (3) на овој член, може да се измени само еднаш, најдоцна до 31 мај во годината.

**Известување за реализација на плановите**

Член 25

(1) Судовите еднаш годишно известуваат за реализација на плановите за вработување, за што претседателот на судот најдоцна до 31 јануари за претходната година доставува извештај до Судскиот буџетски совет.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член на увид се доставува до Министерството за финансии и до Министерството за јавна администрација, најдоцна до 1 март тековната за претходната година.

**Барање за пополнување на работни места**

Член 26

(1) Барањето за пополнување на работно место кое е предвидено со Единствениот годишен план план, претседателот на судот го доставува до Судскиот буџетски совет по претходно добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, во рок од 15 дена по приемот на таквото известување.

(2) Судскиот буџетски совет ќе го одбие барањето на судот за пополнување на слободно работно место, ако не е предвидено со Годишниот план ,не е согласно актот за систематизација на работните места на судот или не се обезбедени средства за пополнување на работното место.

**Јавен оглас**

Член 27

(1) Јавниот оглас за вработување на судски службеници се објавува на интернет страницата на судот, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Во јавниот оглас се назначува нивото, звањето и општите и посебните услови за пополнување на работното место.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, не може да биде пократок од 15 дена, односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

(4) Потребните документи кандидатите ги доставуваат до судот кој го објавил огласот преку пошта, приемната писарница на судот или по електронски пат.

**Пријавување на јавен оглас**

Член 28

(1) Кандидатот за вработување за судски службеник пополнува пријава за вработување.

(2) Кон пријавата кандидатите задолжително приложуваат доказите за податоците внесени во истата, во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:

- уверение/диплома за завршен степен на образование,
- потврда за работа со компјутерски програми за канцелариско работење,
- доказ за општа здравствена способност за работното место,
- потврда за работно искуство во струката,

- извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен, издаден од агенцијата за вработување и

- потврда за положен стручен испит или уверение од соодветната стручна област, доколку истите се посебен услов за работното место и се назначени во јавниот оглас.

(3) Судот за пријавените кандидати на јавниот оглас по службена должност прибавува доказ за државјанство на Република Северна Македонија и доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, кои се преземаат по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

(4) Кон пријавата кандидатите можат да достават и:

- препораки од претходните работни места, кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува,

- потврди за посетувани обуки, стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации, трудови и публикации и

- изјави или други документи од интерес на работното место.

(5) Откако ќе ја пополнат пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

(6) На пријавите на кандидатите се доделува шифра која ги поврзува со резултатите од натамошниот тек на постапката за селекција.

## Комисија за вработување

Член 29

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, формира Комисија за вработување, составена од три члена и тоа:

- еден раководен, односно стручен судски службеник,

- еден судски службеник со исто звање како работното место за кое е распишан јавниот оглас и

- еден член на Советот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на неможност да се формира Комисијата на начинот предвиден со ставот (1) на овој член, Комисијата за вработување е составена од стручни судски службеници, односно од редот на помошно-стручните судски службеници.

(3) При вработување на судски администратор, претседателот на судот формира Комисија за вработување која е составена од три члена:

- двајца раководни, односно стручни судски службеници од судот кој го објавил јавниот оглас и

- еден член на Советот.

## Постапка за селекција за вработување

Член 30

Постапката за селекција за вработување на судски службеник се состои од административна селекција за вработување, испит и интервју.

## Административна селекција за вработување

Член 31

(1) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

(2) За кандидатите кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодовите од стручните квалификации, работното искуство во струката и познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(4) Стручните квалификации се вреднуваат во однос на формалното образование.

(5) Формалното образование на кандидатите за судски службеници од категориите А, Б и В се вреднува согласно со постигнатиот успех на сите циклуси на студии кои ги завршил кандидатот.

(6) Формалното образование на кандидатите за судски службеници од категоријата Г се вреднува согласно со постигнатиот успех во средното образование, односно постигнатиот успех на првиот циклус на студии.

(7) Работното искуство во струката се вреднува во зависност од времетраењето кое е потребно за работното место предвидено во јавниот оглас.

(8) За познавањето на компјутерски програми за канцелариско работење кандидатот доставува соодветен доказ.

(9) Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас, за што Комисијата за вработување подготвува листа со шифрите на кандидатите за кои постапката на селекција завршила и ранг-листата со шифрите на кандидатите кои ја поминале административната селекција и ги објавува на интернет страницата на судот.

(10) Датумот и времето на одржување на испит за судски службеник се објавуваат заедно со ранг-листата од ставот (9) на овој член, и истиот не може да биде пократок од 10 дена, ниту подолг од 30 дена од денот на објавувањето на ранг-листата.

## Испит за судски службеник

Член 32

(1) Кандидатот за вработување полага испит за судски службеник.

(2) Испитот за судски службеник за категорија А, Б и В се состои од два дела и тоа: стручен дел и дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), а испитот за судски службеник за категорија Г се состои само од полагање на стручен дел.

(3) Стручниот дел се состои од писмен тест со заокружување на одговори од областа на правосудството, уставниот поредок на Република Северна Македонија, процесните закони, Законот за судска служба, Кодексот за етика на вработените во судската служба, како и прашања за познавање од други области во зависност од работното место за кое е објавен јавниот оглас.

(4) Со делот за проверка на знаењето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), преку спроведување на писмен тест со заокружување на одговори, се проверува познавањето на кандидатот на странски јазици.

(5) За полагање на стручниот дел Советот формира база на прашања, која се ревидира најмалку еднаш годишно и е достапна на интернет страниците на судовите во Република Северна Македонија.

(6) Јавно достапни и објавени на интернет страниците на судовите во Република Северна Македонија се и литературата, односно законите и подзаконските акти врз основа на кои е подготвена базата на прашања.

(7) Прашањата од стручниот дел на испитот, во зависност од тежината се вреднуваат со бодови, кои се наведени за секое прашање за време на полагањето и истите за секое работно место се бираат по случаен избор од базата на прашања од ставот (5) на овој член.

**Постапка на полагање на испити и тестови**

Член 33

(1) Испитот за судскиот службеник се полага во судот кој го објавил јавниот оглас.

(2) На кандидатот за време на полагањето на испитот, односно на тестот, не му се дозволува користење на литература, закони, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, и не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица од Комисијата.

(3) Кандидатот кој го положил стручниот дел од испитот за судски службеник, од Категорија А,Б и В продолжува со полагање на прашања од делот за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), а кандидатот кој го положил стручниот дел од испитот за судски службеник од категорија Г, продолжува во наредната фаза во постапката за селекција за вработување.

(4) Кандидатот кој го положил делот за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски), продолжува во наредната фаза во постапката за селекција за вработување.

(5) Комисијата за вработување резултатот, односно бројот на бодови од испитот за судски службеник го објавува на интернет страната на судот кој го објавил јавниот оглас, под шифрата под која полагал кандидатот, во рок од три дена на полагањето на испитот.

Член 34

(1) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на испитот, согласно со освоените бодови од административната селекција и испитот, Комисијата за вработување ја подготвува и ја објавува ранг-листата за секое работно место посебно со шифрите на кандидатите, на интернет страницата на судот кој го објавил јавниот оглас.

(2) Датумот и времето на одржувањето на интервјуто се објавуваат заедно со ранг-листата од ставот (1) на овој член, а интервјуто може да се одржи истиот ден по завршување на испитот, но не во рок подолг од 10 дена од завршување на испитот.

(3) На интервјуто учествуваат најмногу пет пати повеќе кандидати од бројот на работни места за кои се спроведува постапката за селекција за вработување, а кои биле најдобро рангирани на листата од ставот (1) на овој член.

(4) На интервјуто учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од ставот (1) на овој член.

**Интервју**

Член 35

(1) Интервјуто се спроведува усно.

(2) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место.

(3) Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција, писмените тестови и интервјуто за кандидатите кои освоиле најмалку 60% од максималниот број на бодови во сите претходни фази на постапката на селекција, Комисијата за вработување подготвува и ја објавува на интернет страницата на судот ранг-листата со шифри на кандидатите.

## Избор на кандидати

Член 36

(1) Комисијата за вработување во рок од пет дена по објавувањето на ранг-листата, на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор, му доставува предлог за донесување одлука за избор на најдобро рангираниот кандидат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Комисијата за вработување на судски администратор, на претседателот на судот му доставува предлог за донесување на одлука за избор на судски администратор.

(3) Во случај кога нема ниту еден кандидат на листата или ниту еден кандидат не ги исполнува условите, Комисијата за вработување доставува за донесување предлог-одлука за невршење на избор до судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор, односно претседателот на судот за пополнување на работното место судски администратор, при што јавниот оглас се повторува.

## Одлука за избор за вработување

Член 37

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, односно претседателот на судот за пополнување на работното место судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 36 став (1) и (2) од овој закон, е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и до кандидатите од ранг-листата од член 35 став (3) од овој закон, кои не се избрани и се објавува на интернет страницата на судот.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член, кандидатот кој не е избран има право на жалба до Советот, преку судот за чии потреби е објавен јавниот оглас до Советот, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за избор.

(4) Судот е должен во рок од пет дена од приемот на жалбата, да ја достави жалбата и одговорот на жалбата до Советот.

(5) Советот одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(6) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(7) Кандидатот кој не е задоволен од одлуката на Советот, има право во рок од 15 дена од приемот на одлуката да поднесе тужба пред надлежен суд.

(8) Доколку Советот не донел одлука во определениот рок од став (5) на овој член, кандидатот има право во рок од 15 дена по истекот на рокот да поднесе тужба пред надлежен суд.

**Донесување на решение за вработување**

Член 38

(1) Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, претседателот на судот донесува решение за вработување на судски службеник на неопределено време, кое му се врачува на избраниот кандидат.

(2) Избраниот кандидат пред претседателот на судот ја потпишува свечената изјава, која е составен дел од Кодексот за етика на вработените во судската служба.

(3) Примерок од потпишаната свечена изјава од ставот (2) на овој член, му се врачува на судскиот службеник, а еден примерок се чува во неговото работно досие.

**Правилник за спроведување на постапката за вработување**

Член 39

Формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување, ги пропишува министерот за правда.

VII. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Интерен оглас**

Член 40

(1) Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на судските службеници кариерно напредување, односно преминување од работно место на пониско ниво, односно звање, на работно место на повисоко ниво, односно звање.

(2) По претходно добиено известување за обезбедени средства за започнување на постапка за унапредување на судскиот службеник, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор доставува барање за започнување на постапка за унапредување, а по доставено известување од страна на Судскиот буџетски совет за обезбедени финансиски средства за унапредување на судски службеник, во кое го назначува нивото и категоријата на работно место кое се пополнува.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за унапредување на судски службеник за работното место судски администратор известувањето од ставот (2) на овој член, го поднесува претседателот на судот.

(4) По добиеното известување за обезбедени финансиски средства, интерниот оглас и образец за пријава за унапредување се објавуваат на интернет страницата на судот.

(5) На интерниот оглас може да се јави судски службеник вработен во судот каде е објавен интерниот оглас, кој освен општите услови, ги исполнува и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација на работните места, како и:

- да е оценет со оцена „особено се истакнува" или „се истакнува“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,

- да поминал најмалку две години на истото ниво во судот во кој е вработен и во кој е објавен интерниот оглас и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(6) Интерниот оглас може да се спроведува за пополнување на работни места во сите звања, освен за звањето помлад судски референт и помлад референт.

**Пријава за унапредување**

Член 41

(1) Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас за унапредување со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата ја доставуваат преку приемната писарница во судот кој го објавил интерниот оглас .

(2) Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од пет, односно подолг од 10 дена од денот на неговото објавување.

(3) Пријавата од ставот (1) на овој член, содржи име и презиме, тековно работно место, ниво, звање и работно искуство на пријавениот кандидат, како и податоци во врска со членот 40 став (5) од овој закон.

(4) Кон пријавата кандидатите приложуваат потврди за успешно реализирани обуки.

**Комисија за унапредување на судски службеник**

Член 42

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, формира Комисија за унапредување на судски службеник, составена од три члена, и тоа:

- еден раководен, односно стручен судски службеник,

-еден судски службеник со исто звање како работното место за кое е распишан интерниот оглас и

- еден член на Советот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на неможност да се формира Комисијата на начинот предвиден со ставот (1) на овој член, Комисијата за унапредување на судски службеник е составена од стручни судски службеници, односно од редот на помошно- стручните судски службеници.

(3) При пополнување на работното место судски администратор по пат на интерен оглас, Комисијата за унапредување на судски службеник е составена од три члена и тоа:

- двајца раководни, односно стручни судски службеници од судот кој го објавил интерниот оглас и

- еден член на Советот.

**Постапка за селекција за унапредување**

Член 43

(1) Постапката за селекција за унапредување се состои од административна селекција и интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во членот 40 став (5) од овој закон и приложените докази во пријавата и нивното бодирање.

(3) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува.

(4) Бодовите за административна селекција за секој пријавен кандидат се утврдуваат врз основа на збирот на последната оценка и реализираните обуки.

(5) Врз основа на бодовите од административната селекција, Комисијата за унапредување на судски службеник составува ранг-листа, при што со најмногу пет најдобро рангирани кандидати се спроведува интервју. На интервјуто учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно најдобро рангираните кандидати.

(6) Интервјуто се спроведува истиот ден или најдоцна во рок од пет дена од објавувањето на ранг-листата од ставот (5) на овој член.

(7) Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за унапредување на судски службеник составува ранг-листа и му го предлага за избор прворангираниот кандидат на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

**Одлука и решение за избор за унапредување**

Член 44

(1) Во рок од пет дена од добивањето на предлогот, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката од став (1) на овој член за избор на судски администратор ја носи претседателот на судот.

(3) Одлуката за избор од ставот (1) и став (2) на овој член се доставува до избраниот кандидат и до кандидатите од ранг-листата кои не се избрани и се објавува на интернет страницата на судот.

(4) Ако во рокот од ставот (1) и став (2) на овој член судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, односно претседателот на судот за избор на судски администратор, донесе одлука за невршење на избор, во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

(5) Против одлуката за избор од ставовите (1) и (2) на овој член, судскиот службеник кој не е избран има право на жалба до Советот, преку судот за чии потреби е објавен интерниот оглас, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(6) Судот е должен во рок од пет дена од приемот на жалбата да ја достави до Советот заедно со одговор на жалба.

(7) Советот одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(8) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(9) По завршувањето на постапката за унапредување судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на судскиот службеник.

(10) Решението за унапредување на судски администратор од ставот (9) на овој член ја носи претседателот на судот.

**Правилник за спроведување на постапката за унапредување**

Член 45

Формата и содржината на интерниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ги пропишува министерот за правда.

## VIII. МОБИЛНОСТ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### **Мобилност**

Член 46

(1) Мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места утврдена со овој закон.

(2) Мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места на судот во кој се распоредува или се презема.

(3) Мобилноста се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.

### **Мобилност преку распоредување**

Член 47

Судскиот службеник кој ги исполнува посебните услови за работното место утврдени во актот за систематизација на работните места, по потреба на судот или по негово барање, може да се распореди во ист суд на работно место на исто ниво, односно во исто звање, ако работното место е утврдено во актот за систематизација на работните места и не е пополнето.

### **Мобилност преку преземање во друг суд**

Член 48

Судскиот службеник на негово барање, по потреба на судот во кој е вработен или по потреба на друг суд, ако ги исполнува посебните услови за работното место утврдени во актот за систематизација на судот, со негова согласност може да биде преземен од еден во друг суд на работно место на исто ниво, односно звање, ако за тоа се согласат претседателите на судовите и со согласност на Судскиот буџетски совет.

### **Преземање од институции на јавен сектор**

Член 49

Вработен во јавен сектор со статус на административен службеник, кој ги исполнува посебните услови утврдени во актот за систематизација на работните места, може да биде преземен и распореден на соодветно работно место, ако за тоа се согласат претседателот на судот, раководното лице на институцијата и вработениот, со согласност од Судскиот буџетски совет, Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии.

## IX. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СУДСКАТА СЛУЖБА

### **Основ на правата и должностите**

Член 50

Правата и должности на вработените во судската служба кои произлегуваат од работниот однос се уредуваат со овој закон, со друг закон и колективен договор.

## 1. Права на вработените во судската служба

### Право на плата и надоместоци од плата

Член 51

Вработените во судската служба за својата работа имаат право на плата и надоместоци од плата согласно со овој закон, со друг закон и колективните договори.

### Право на одмори и отсуства

Член 52

(1) Вработените во судската служба имаат право на пауза, одмори и отсуства од работа согласно со овој закон, со друг закон и колективните договори.

(2) Годишниот одмор на вработените на судската служба се утврдува според критериуми определени со овој закон, со друг закон и колективен договор.

### Право на годишен одмор

Член 53

(1) Вработените во судската служба имаат право на годишен одмор во траење од најмалку 20 работни дена, а најмногу до 26 работни дена.

(2) Повозрасен вработен и тоа жена со наполнети 57 години возраст и маж со наполнети 59 години возраст, инвалид, вработен со најмалку 60% телесно оштетување и вработен кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на уште три работни дена годишен одмор

(3) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

Решение за користење на годишен одмор носи судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(4) Годишниот одмор може да се користи и во два дела, со тоа што првиот дел мора да трае најмалку 12 работни дена.

(5) Првиот дел од годишниот одмор се користи до крајот на тековната година, а остатокот до 30 јуни идната година.

(6) Годишниот одмор за вработените во судската служба се утврдува според следниве критериуми:

1) за сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование:
- работи од I – III степен на сложеност, еден работен ден,
- работи од IV – V степен на сложеност, два работни дена и
- работи од VI-VIII степен на сложеност, три работни дена;

2) Должина на работен стаж:
- од една до десет години работен стаж, еден работен ден,
- од десет до 15 години работен стаж, два работни дена,
- од 15 до 25 години работен стаж, три работни дена и
- над 25 години работен стаж, четири работни дена.

### Право на регрес за годишен одмор

Член 54

(1) На вработените во судската служба им се исплаќа регрес за годишен одмор, најмалку 30% од основицата, под услов работникот да работел најмалку шест месеци во судот во текот на една календарска година.

(2) Со колективен договор во судот може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден во став (1) од овој член.

(3) Регресот за годишен одмор се исплатува еднократно во текот на годината, доколку во еден од претходните четири последователни квартали нема негативен раст на реалниот бруто домашен производ (БДП).

(4) Основицата за пресметување на регрес за годишен одмор претставува просечната месечна нето-плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

**Платено отсуство**

Член 55

(1) Вработените во судската служба имаат право на платено отсуство од работа во случаите предвидени со овој закон, со друг закон и колективен договор.

(2) Вработените во судската служба имаат право на платено отсуство од работа до 10 работни дена и тоа во следниве случаи за:

- склучување на брак на судскиот службеник - пет дена,
- склучување брак на деца - три дена,
- раѓање на дете - два дена,
- посвојување на дете - два дена,
- смрт на сопружник или дете - пет дена,
- смрт на родител, брат, сестра - три дена,
- смрт на родител на сопружник - два дена,
- смрт на дедо или баба - еден ден,
- полагање на стручен испит за потребите на судот или за сопствени потреби - три дена,
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат- три дена,
- селидба од едно во друго место - три дена,
- селидба во исто место - два дена,
- елементарни непогоди - три дена и
- за крводарителство - два последователни дена од денот на дарување на крв.

**Неплатено отсуство**

Член 56

(1) Вработениот во судската служба има право да отсуствува од работа без надоместок на плата и придонеси од плата, но најдолго три месеца во текот на календарската година, и тоа за:

- вршење на неодложни лични и семејни работи,
- нега на член на семејство кој е тешко болен,
- посета на член на потесно семејство во странство,
- изградба или реновирање на стан или семејна куќа,
- лекување на вработениот во судската служба на негов трошок,
- учество на културни и спортски манифестации,
- полагање на правосуден испит или друг стручен испит,
- учество на семинари, работилници и конгреси во земјата и странство и
- патување во странство.

(2) Барањето за користење на неплатено отсуство, со наведување на основот, се поднесува до судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор.

(3) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по поднесувањето на барањето е должен да донесе решение.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, е дозволена жалба преку судот кој го донел решението до Советот во рок од три дена од денот на приемот.

**Право на стручно усовршување**

Член 57

(1) Вработениот во судската служба има право да посетува континуирани обуки за стручно оспособување и усовршување, со цел за стекнување и постојано унапредување и стручно усовршување на теоретски и практични знаења и вештини за квалитетно, стручно и ефикасно извршување на работите и работните задачи.

(2) Континуираните обуки за стручно оспособување и усовршување се реализираат од судовите или орган надлежен за реализации на обуки на вработените во судската служба, а по претходно донесен годишен план за стручно оспособување и усовршување од судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира или не е избран судски администратор.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, поради специфичните работни цели и задачи кои ги извршуваат, вработените во судската служба имаат право стручно да се оспособуваат и усовршуваат пред друг орган или институција, односно организација или здружение кое е регистрирано да организира и спроведува обуки.

**Право на заштита**

Член 58

Вработените во судската служба во остварувањето на правата и должностите од работниот однос, имаат право да бараат заштита пред Советот и пред надлежен суд, како и од друг надлежен орган во согласност со закон.

**Право на заштита на вработени кои пријавиле сомневање или сознание за кривично дело или за незаконско или недозволиво постапување**

Член 59

На вработен во судската служба кој пријавил сомневање или има сознание дека е извршено, или се извршува или е веројатно дека ќе се изврши кривично дело против службената должност или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната, му се обезбедува заштита согласно со закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кој тој тоа го бара.

**Право на мирување на работен однос**

Член 60

(1) На вработен во судската служба кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон или кој е упатен на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна или друг вид соработка, односно кој е упатен на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, му мируваат правата и должностите од работниот однос.

(2) На вработениот во судската служба чиј брачен другар е упатен на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна научна и друг вид соработка, односно кој е упатен на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, му мируваат правата и должностите од работниот однос.

(3) Вработениот во судската служба од ставовите (2) и (3) на овој член, има право во рок од 15 дена по престанувањето на вршењето на функцијата или по враќањето од странство, односно 15 дена по престанувањето на работата на нивниот брачен другар во странство, врз основа на писмено барање да се врати во судот од каде што заминал, на работно место на исто ниво со нивото на кое бил распореден пред мирувањето на работниот однос.

**Право на синдикално организирање и право на штрајк**

Член 61

(1) Вработените во судската служба, заради остварување на своите економски и социјални права, имаат право да се вклучат во основање и формирање на синдикати како и да членуваат во истите под услови и во постапка утврдени со закон и со актите на синдикатот.

(2) Вработените во судската служба имаат право на штрајк организиран во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, закон, колективен договор и ратификуваните меѓународни договори согласно Уставот на Република Северна Македонија.

(3) При остварувањето на правото на штрајк вработените во судската служба се должни да овозможат минимум непречено извршување на функциите на судот и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица, а особено во постапките за кои со закон е утврдено дека се итни, односно за работите кои според закон се нужни, судот е должен да работи и за време на штрајк.

(4) Претседателот на судот и претставници на организаторот на штрајкот, согласно закон и колективен договор го утврдуваат начинот на извршувањето на надлежностите на судот за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк од ставот (3) на овој член.

**2. Должности на вработените во судската служба**

**Должност за извршување на работите и на работните задачи**

Член 62

(1) Вработените во судската служба се должни да ги извршуваат работите и работните задачи, опишани во актот за систематизација на работните места на судот.

(2) Вработените во судската служба врз основа на задолжение во писмена форма од судскиот администратор или од претседателот на судот, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот од ставот (1) на овој член, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции.

**Должност за укажување на незаконски работни задачи**

Член 63

(1) Вработениот во судската служба е должен да ги извршува работните задачи дадени од непосредно претпоставениот вработен во судската служба, судскиот администратор или од претседателот на судот и да постапуваат по нив во согласност со Уставот, закон или друг пропис.

(2) Ако вработениот во судската служба смета дека дадената работна задача од ставот (1) на овој член не е во согласност со Уставот, со закон и со друг пропис е должен за тоа да му укаже на лицето кое му ја дало задачата.

(3) Вработениот во судската служба е должен да постапи по работната задача од ставот (2) на овој член, дадена во писмена форма, освен ако оцени дека нејзиното извршување претставува кривично дело и веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисоко претпоставениот од оној кој им ја дал задачата, Судскиот совет како и Државната комисија за спречување на корупцијата.

(4) Ако вработениот во судската служба не го предупреди непосредно претпоставениот службеник дека наредбата е неуставна и незаконска и ја изврши наредбата, тој ќе одговара за нејзиното извршување, како и оној што ја издал наредбата.

(5) Вработениот во судската служба не може да биде повикан на одговорност заради даденото укажување од ставот (2) на овој член и даденото известување од ставот (3) на овој член.

**Должност за известување за отсуство од работа**

Член 64

(1) Вработениот во судската служба е должен да го почитува работното време на судот.

(2) Во случај на спреченост за доаѓање на работа, вработениот во судската служба е должен да го извести непосредно претпоставениот вработен во судската служба, судскиот администратор или претседателот на судот, до истекот на дневното работното време на судот.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога спреченоста за доаѓање на работа е настаната од виша сила, известувањето за спреченост за доаѓање на работа, вработениот во судската служба е должен да го изврши веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

**Забрана за примање подароци**

Член 65

(1) Вработениот во судската служба не смее да прима подароци поврзани со неговата работа, со исклучок на протоколарни подароци кои се пријавуваат до овластеното лице во судот задолжено од претседателот на судот за водење на евиденцијата на подароци.

(2) Подароците примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности, се сметаат за протоколарни подароци, согласно закон

(3) Забраната и ограничувањата утврдени во ставот (1) на овој член исто така се однесуваат и на брачниот другар на вработениот во судската служба, на лица кои живеат заедно со вработениот во судската служба во вонбрачна заедница, на неговите деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

(4) Вработениот во судската служба е обврзан да ги предупреди дарителите дека вработените во судската служба не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа.

**Забрана за политичко дејствување на работно место**

Член 66

(1) Вработениот во судската служба не смее да го доведе во прашање вршењето на работите и на работните задачи од работното место во судот доколку е член во политичка партија или со учеството во партиски активности.

(2) Вработениот во судската служба, при вршењето на работите и на работните задачи не смее да ги искажува или да ги застапува своите политички и партиски уверувања.

(3) Вработениот во судската служба, во текот на работното време не смее директно да учествуваат во изборни активности или во други јавни настапи од таков вид.

(4) Вработениот во судската служба, во судот во кој ги извршува работите и работните задачи не смее на себе да носи или да истакнува партиски симболи во работните простории и во просториите на судот.

## X. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### Плата и надоместоци

Член 67

(1) Судските службеници имаат право на плата и надоместоци на плата, која одговара на нивната сложеност на работното место, според услови и критериуми утврдени со овој закон и/или колективен договор.

(2) Платите и надоместоците од плата на судските службеници се обезбедуваат од судскиот буџет.

(3) Платите на судските службеници се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец, најдоцна до петнаесеттиот ден во тековниот месец.

(4) Придонесите и данокот на личниот доход на судските службеници ги плаќа судот со исплата на платата во согласност со закон.

(5) Судот е должен да води евиденција на платите, надоместоците на платите додатоците на платите, исплатените придонеси од плата и данокот на личниот доход и за нив на судските службеници им издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

### Компоненти на плата на судските службеници

Член 68

Платата на судските службеници се состои од следниве компоненти:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

### Основна компонента на плата

Член 69

(1) Основната компонента на платата на судските службеници ја сочинуваат:

а) минимална плата;

б) дел на плата за степен на образование утврден во актот за систематизација на работните места, за работното место на кое е распореден;

в) дел на плата за ниво (звање) и

г) дел на плата за стаж.

(2) Минималната плата е онаа која министерот за економија и труд ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(3) Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за

соодветното ниво (звање) на работно место се вреднува на следниов начин:

- Ниво на квалификации VIII, 480 кредити според ЕКТС или завршен VII/3 степен 157 бодови,

- Ниво на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен 129 бодови,

- Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 100 бодови,

- Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС 71 бодови,

- Ниво на квалификации V Б, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование 58 бодови и

- Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКЦОО или четиригодишно средно образование 1 бод.

(4) Делот на плата за ниво (звање) на кое е распореден судскиот службеник се вреднува на следниот начин:-А1-судски администратор во Врховниот суд на Република Северна Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и во основните судови со проширена надлежност (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 555 бодови;

- Б1-раководен судски службеник од прво ниво со звање самостоен судски советник (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 402 бодови,

- Б2-раководен судски службеник од второ ниво со звање раководител на судска служба (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 372 бодови,

- Б2-раководен судски службеник од второ ниво со звање раководител на служба (240 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 372 бодови,

- Б4-раководен судски службеник од четврто ниво со звање раководител на судски оддел и раководител на оддел (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 308 бодови,

- Б4-раководен судски службеник од четврто ниво со звање раководител на судско одделение и раководител одделение (240 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 236 бодови,

- В1-стручен судски службеник од прво ниво со звање судски советник и (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 182 бодови,

- В1- судски службеник од прво ниво со звање советник (240 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 182 бодови,

- В2- стручен судски службеник од второ ниво со звање виш судски соработник (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 139 бодови,

- В2- судски службеник од второ ниво со звање виш соработник (240 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 139 бодови,

- В3- стручен судски службеник од трето ниво со звање судски соработник (300 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 119 бодови,

- В3- судски службеник од трето ниво со звање соработник (240 ЕКТС или завршен VII/1 степен), 119 бодови,

- В4-стручен судски службеник од четврто ниво со звање помлад судски соработник (240 ЕКТС или завршен VII/1 степен) и судски службеник од четврто ниво со звање помлад соработник (180 ЕКТС или завршен VII/1 степен 88 бодови,

- Г1-помошно-стручен судски службеник од прво ниво со звање самостоен судски референт и самостоен референт, 76 бодови,

- Г2-помошно-стручен судски службеник од второ ниво со звање виш судски референт и виш референт, 55 бодови,

- Г3- помошно-стручен судски службеник од трето ниво со звање судски референт и референт, 35 бодови,

- Г4- помошно-стручен судски службеник од четврто ниво со звање помлад судски референт и помлад референт, 8 бодови.

(5) Делот на плата за работниот стаж на судскиот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво (звање), за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(6) Зголемувањето на платата утврдено со колективен договор се пресметува и исплатува како составен дел на основната компонента на платата од ставот (1) на овој член.

**Вредност на бодот**

Член 70

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

**Исклучителна компонента на плата**

Член 71

Исклучителната компонента ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа и
- додаток на плата заради задржување на вработените во судската служба.

**Додатоци на плата**

Член 72

(1) Додатоците на плата од членот 71 од овој закон меѓусебно не се исклучуваат.

(2) Вкупниот износ на висината на додатоците од членот 71 од овој закон, не може да изнесува повеќе од 35% од основната плата на судскиот службеник.

(3) По донесена одлука на Судскиот буџетски совет за обезбедени финансиски средства, претседателот на судот, најдоцна до средина на месецот може да донесе решение за исплата на додаток, односно додатоци од ставот (1) од овој член на судски службеник од судот за претходниот месец. Решението треба да содржи образложение на исполнетоста на условите за утврдување на правото на додаток.

(4) Критериумите согласно со кои се оценува исполнетоста на условите за утврдување на правото на додатоци од ставот (1) на овој член, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници во Врховниот суд на Република Северна Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови се уредуваат со акт на Судскиот буџетски совет.

(5) Против решението на претседателот на судот од ставот (3) на овој член,судскиот службеник има право на приговор до Комисијата формирана од претседателот на судот, која е составена од двајца судии и еден вработен во судската служба, во рок од осум дена.

(6) Доколку Судскиот буџетски совет донесе одлука за обезбедување на финансиски средства за претходниот месец, а претседателот на судот не го донесе решението од ставот (3) на овој член, судскиот службеник кој смета дека ги исполнува условите за утврдување на правото на додатоци на плата има право да поднесе приговор до Комисијата формирана од претседателот на судот, која е составена од двајца судии и еден вработен во судската служба до истекот на месецот во кој претседателот на судот требало да донесе решение.

**Додаток на плата за прекувремена работа**

Член 73

(1) Судските службеници имаат право на додаток на плата за:

- работа во ден на неделен одмор,
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолго од полното работно време.

(2) Судскиот службеник кој бил ангажиран да работи во ден на неделен одмор има право на додаток на плата во висина од 50% од износот на основната бруто-плата, пресметана по час.

(3) Судскиот службеник кој бил ангажиран да работи согласно со условите во ставот (1) алинеја 3 на овој член има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35%, од износот на основната бруто-плата, пресметана по час.

(4) Судскиот службеник кој работел подолго од полното работно време, додатокот од ставот (3) на овој член има право да го замени со слободни часови, односно денови.

(5) Слободните часови, односно денови од тековниот месец судскиот службеник ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

(6) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член, меѓусебно не се исклучуваат.

(7) По исклучок, по писмена наредба на претседателот на судот или судскиот администратор, во случаи кога постои итен карактер, кратки временски рокови, зголемен обем на работа и виша сила, а по претходна согласност на судскиот службеник, може да се одобри работа од дома за вршење на точно определени работни задачи и во точно определен временски период. Работата од дома е работа која работникот ја врши надвор од судската зграда, за што поднесува писмен извештај за сработеното. Работникот за извршената работа има право на надоместок согласно став (1) од овој член.

(8) Евидентирањето на работните часови поминати на работа во случаите утврдени во ставот (1) на овој член, се врши согласно закон.

**Додаток на плата заради задржување на вработените во судската служба**

Член 74

(1) Вработените во судската служба имаат право на додаток на плата во висина од 10% до 30% од износот на основната бруто-плата, заради вреднување на успешноста и задржување на вработените во судската служба во рамки на судот во која ги извршуваат работните цели и задачи.

(2) На вработениот во судската служба може да му биде утврден додаток на плата од ставот (1) на овој член согласно со закон.

**Други надоместоци на плата на вработените во судската служба**

Член 75

(1) Вработените во судската служба имаат право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно со овој закон и општите прописи за работни односи и тоа:

- за патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство,
- за трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели,
- трошоци за одвоен живот од семејството,
- селидбени трошоци,

- за трошоци за погреб во случај на смрт на вработениот во судската служба или член на неговото потесно семејство (родители, брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување),

- штета при елементарни непогоди и

- за боледување на вработениот во судската служба подолго од шест месеци во висина од една плата.

(2) За надоместокот на трошоци поврзани со работата од ставот (1) алинеја 3 на овој член, вработениот во судската служба задолжително приложува доказ за местото на живеалиштето односно престојувалиштето.

(3) Основицата и висината на надоместоците на трошоци од ставот (1) на овој член, се утврдуваат и исплаќаат согласно со закон или колективен договор.

**Парична награда за исклучителен ангажман на вработените во судската служба**

Член 76

(1) Судскиот службеник може да биде еднократно парично награден за особено успешен ангажман на приоритетна работна задача од посебно значење за институцијата, кои бараат исклучителна стручност, зголемен обем на работа и придонесуваат кон значајни резултати за јавниот интерес.

(2) Приоритетните работни задачи од ставот (1) на овој член ги утврдува и цени раководното лице на органот.

(3) Исклучителниот ангажман на судскиот службеник се утврдува врз основа на целосно исполнување на следниве критериуми и тоа, ако судскиот службеник:

- врши приоритетната работна задача која третира системски прашања,

стратегиски документи или законски реформи,

- врши приоритетната работна задача која е од национално значење или има регионално/европско влијание,

- дал клучен придонес во приоритетната работна задача преку иницирање на решенија, применета стручна експертиза и развивање на методолошки пристап и

- учествува во спроведување на сложени анализи, истражувања и проекции поврзани со приоритетната работна задача.

(4) Висината на паричната награда од ставот (1) изнесува до 25% од просечна исплатена месечна нето-плата по вработен во Република Северна Македонија за претходната година, а се утврдува во зависност од извршената работа.

(5) Паричната награда од ставот (1) на овој член, се исплаќа доколку во Судскиот буџет се обезбедени средства за оваа намена.

**Надоместок за време на привремена неспособност за работа, професионално заболување и повреда на работно место**

Член 77

(1) Ако кај вработениот во судската служба настапи привремена неспособност за работа има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно со закон.

(2) За професионално заболување и повреда на работно место на вработениот во судската служба му се исплаќа плата во висина од 100%.

(3) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член, за секоја година се утврдува со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Плата за време на годишен одмор или специјализирана обука на вработениот во судската служба**

Член 78

За време на користење на годишен одмор или специјализирана обука за стручно оспособување и усовршување, вработениот во судската служба има право на плата во висина на платата што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

**Плата за време на суспензија на вработените во судската служба**

Член 79

Вработениот во судската служба, кој врз основа на решение е суспендиран од судот, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесување на решението за суспензија.

**Плата за време на штрајк на вработените во судската служба**

Член 80

За време на штрајк вработените во судската служба имаат право на плата во висина од 80% од платата што ја примиле во месецот пред да отпочне штрајкот, доколку со колективен договор или друг закон не е предвиден поголем процент.

XI. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Стручно усовршување на судските службеници**

Член 81

(1) Судскиот службеник има право во текот на годината стручно да се оспособува и усовршува, како и должност да го пренесе стекнатото знаење на другите судски службеници (менторство).

(2) Судскиот службеник, најдоцна до 31 декември во тековната година, до судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира или не е избран судски администратор поднесува индивидуален план за стручно оспособување и усовршување во кој се содржани обуките кои планира да ги посети во наредната година, а кои се од значење за исполнување на работните цели и задачи.

(3) Врз основа на индивидуалните планови за стручно усовршување на судските службеници, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, а по претходно објавена програма за контиунирана обука на стручните служби во судството најдоцна до 31 јануари подготвува годишен план за стручно оспособување и усовршување на судските службеници.

(4) Формата и содржината на индивидуалниот план за стручно оспособување и усовршување од ставот (2) на овој член и годишниот план за стручно оспособување и усовршување од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за правда.

**Обуки за судските службеници**

Член 82

(1) Стручно оспособување и усовршување на судските службеници се реализира преку посета на обуки и истите можат да бидат генерички и специјализирани.

(2) Генеричките обуки се вршат заради стручно усовршување на судските службеници согласно со Рамката на општи компетенции.

(3) Специјализираните обуки се вршат заради стручно усовршување на судските службеници во однос на посебните компетенции.

(4) Судските службеници се должни да посетат минимум една генеричка обука во текот на годината, а специјализираните обуки се утврдуваат согласно потребите на судот за обучување на судски службеници заради усовршување на специфични работни цели и задачи.

**Обуки по барање на судските службеници**

Член 83

(1) Судскиот службеник може да побара специјализирана обука која е од значење за неговото стручно усовршување и за унапредување на неговото знаење поврзано со работните цели и задачи од неговото работно место, за што по предлог на судскиот администратор одлука донесува претседателот на судот. Доколку во судот не е избран судски администратор, судскиот службеник поднесува барање до претседателот на судот.

(2) Меѓусебните права и обврски на судот и судскиот службеник кој е упатен на специјализирана обука за потребите на судот, се уредуваат со писмен договор во кој се утврдува и периодот во кој судскиот службеник не може да побара престанок на работниот однос во период пократок од две години.

(3) Доколку на судскиот службеник по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред истекот на периодот од претходниот став на овој член, должен е да го врати целиот износ на специјализираната обука, вклучително и патните и дневните трошоци и сместувањето.

**Менторство на судски службеници**

Член 84

(1) Менторство е метод на пренесување на знаења и вештини меѓу судските службеници и истото може да биде за период од најмногу шест месеци (практично менторство).

(2) Практичното менторство се остварува преку набљудување на работата на менторираниот судски службеник, постојани консултации и преку практична работа и се врши заради развој на посебните компетенции на службеникот.

(3) За потребата на менторството одлучува непосредно претпоставениот на судскиот службеник кој е менториран.

(4) Ментор може да биде секој судски службеник кој е распореден на работно место на најмалку исто ниво со судскиот службеник кој е менториран.

(5) Менторот и менторираниот судски службеник, по успешно завршеното менторство, подготвуваат изјави за завршено менторство.

XII. УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОК НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Систем за управување со учинок**

Член 85

(1) Во судовите се воспоставува систем за управување со учинокот на судските службеници.

(2) Управувањето на учинокот на судските службеници се мери за период од една година, започнувајќи на 20 јануари во тековната година и завршува со решение за оценување кое треба да се донесе најдоцна до 19 јануари следната година.

(3) Системот од ставот (1) на овој член го сочинуваат утврдувањето на работните цели и задачи и постапката за оценување на учинокот на судскиот службеник.

(4) Судскиот службеник кој во текот на годината за која се врши оценувањето, бил отсутен од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство, породилно отсуство и друго), како и судскиот службеник кој за прв пат се вработил како судски службеник и работел пократко од шест месеци во периодот за кој се врши оценувањето, нема да биде оценуван.

## Утврдување на работните цели и задачи

Член 86

(1) Работните цели и задачи на судскиот службеник се утврдуваат врз основа на годишната програма за работа на судовите и истите треба да бидат јасни, прецизни, мерливи и со утврдена временска рамка за извршување.

(2) Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот во соработка со судскиот службеник.

## Начин и постапка на оценување на учинокот на судските службеници

Член 87

(1) Судскиот службеник се оценува од непосредно претпоставениот и двајца оценувачи (во понатамошниот текст:оценувачи), при што неговата годишна оценка се добива врз основа на збир на проценти утврдени на следниот начин:

- 60% од оценката од страна на непосредно претпоставениот,
- 20% од оценката на судија за кој извршува работни задачи, на предлог на судскиот службеник кој се оценува,
- 20% од оценката на еден судски службеник од судот на исто, односно пониско ниво од оценуваниот.

(2) Доколку судскиот службеник не извршува работи и работни задачи поврзани со судија, во тој случај еден од оценувачите е вработен во судската служба со кој соработува оценуваниот судски службеник во судот.

(3) Оценувањето на судскиот администратор го врши претседателот на судот и двајца судски службеници од категоријата Б или В во судот по предлог на судскиот администратор.

(4) Постапката за оценување на судските службеници започнува со утврдувањето на работните цели и задачи, кои на пропишан образец треба да бидат утврдени од непосредно претпоставениот во периодот од 20 до 31 јануари во тековната година за која се врши оценувањето.

(5) Непосредно претпоставениот за целиот период на мерење на учинокот на судскиот службеник ја следи реализацијата на работните цели и задачи, и доколку процени дека судскиот службеник не ги извршува истите квалитетно и ефикасно, му доставува писмено укажување дека при оценувањето може да биде оценет со слаб учинок.

(6) Покрај укажувањето од ставот (5) на овој член, непосредно претпоставениот најдоцна до 30 септември во тековната година може да предложи и дополнителна обука на судскиот службеник, а чија цел е подобрување на учинокот на судскиот службеник.

(7) Оценувачите од ставот (1), (2) и (3) од овој член се должни до 15 декември во тековната година на пропишан образец да го оценат судскиот службеник со оценки „1“, „2“, „3“, „4“ и „5“, и пополнетиот образец да го достават до судскиот администратор, односно до претседателот на судот во кој не се избира или не е избран судски администратор.

(8) Со внесените оценки, оценувачите од ставот (1), (2) и (3) од овој член, ја оценуваат работата на судскиот службеник во однос на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на програмата за работа на судот и однесувањето на судскиот службеник.

(9) Судскиот администратор, односно претседателот на судот каде не е избран или не се избира судски администратор, во соработка со оценувачите од ставот (1), (2) и (3) од овој член, најдоцна до 31 декември на пропишан образец ја пресметуваат годишната оценка за судскиот службеник.

(10) По завршувањето на оценувањето, а најдоцна до 15 јануари следната година, копија од образецот за оценување се доставува до судскиот службеник.

(11) По доставата на образецот од ставот (10) на овој член, судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран или не се избира или не е избран судски администратор е должен најдоцна до 19 јануари следната година, врз основа на утврдената оценка од став (9) на овој член да донесе решение за оценување, кое се доставува до судскиот службеник.

(12) Против решението од ставот (11) на овој член, незадоволниот судски службеник има право во рок од осум дена од денот на приемот да поднесе жалба преку судот до Советот.

(13) Начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на образецот за оценување, ги пропишува министерот за правда.

**Годишна оценка на судскиот службеник**

Член 88

Годишната оценка на судскиот службеник може да биде:

(1) „особено се истакнува”, доколку има вредност од 4,51 до 5,00, кога судскиот службеник ги извршува работните цели и задачи над очекуваното, иновативно, креативно и активно учествува во подобрување на остварување на надлежноста на судот, извршува работни цели и задачи надвор од описот на работното место, учествува како предавач на стручни конференции или семинари или бил ангажиран како обучувач или ментор;

(2) „се истакнува”, доколку има вредност од 3,51 до 4,50, кога судскиот службеник целосно ги извршува работните цели и задачи, учествува во подобрување на работењето на судот, дава предлози за унапредување и покажува мотивација за работата и постигнува поголеми резултати од очекуваните согласно описот на работното место;

(3) „задоволува”, доколку има вредност од 2,51 до 3,50, кога судскиот службеник кој целосно и навремено ги извршува работните цели и задачи;

(4) „делумно задоволува”, доколку има вредност од 1,51 до 2,50, кога судскиот службеник нецелосно, ненавремено, нестручно и некомпетентно ги извршува работните цели и задачи на конкретното работно место утврдено со актот за систематизација на работни места и

(5) „не задоволува”, доколку има вредност од 1,00 до 1,50, кога судскиот службеник не ги извршува работните цели и задачи, односно не го покажува потребното ниво на стручност и компетентност, утврдени во актот за систематизација на работни места, базирано на докази од страна на непосредно претпоставениот, врз основа на квартални извештаи.

(6) Начинот на пресметување на годишната оценка се утврдува со подзаконски акт кој го донесува министерот за правда.

**Постапка на оценување во други околности**

Член 89

(1) Оценувањето на судскиот службеник, кој во текот на годината за која се врши оценувањето, преку постапка на мобилност е распореден на друго работно место, односно преземен од друг суд или институција во јавниот сектор, го врши новиот врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

(2) Доколку оценувачот во текот на годината за која се врши оценувањето го промени работното место или му престане работниот однос, оценувањето на судските службеници со кои раководел, го врши новиот оценувач врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

(3) Формата и содржината на извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член, и начинот на оценување на судските службеници ги пропишува министерот за правда.

**Мерки за одличен и слаб учинок**

Член 90

(1) Судскиот службеник за кој годишната оценка е „особено се истакнува“ ќе биде награден со бонус во износ од една негова плата која му е исплатена во последниот месец во годината во која се вршело оценувањето, доколку се обезбедени финансиски средства во буџетот на судот за оваа намена.

(2) Судскиот службеник кој е оценет со оценка „делумно задоволува“ се упатува на дополнителна обука.

(3) На судскиот службеник кој е оценет со оценка „не задоволува“, платата ќе му биде намалена во износ од 10% во период од еден месец.

(4) Доколку судскиот службеник во две последователни оценувања е оценет со оценка „не задоволува“, ќе му престане работниот однос во судот.

**Извештај за оценувањето**

Член 91

(1) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, по завршување на процесот на оценување, а најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до Судскиот буџетски совет доставува извештај за извршеното оценување во судот.

(2) Судскиот буџетски совет врз основа на добиените извештаи од судовите изготвува сублимиран извештај за извршеното оценување кој се доставува и до органот надлежен за водење на Регистарот за годишни оценки на административните службеници.

## XIII. ОДГОВОРНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СУДСКАТА СЛУЖБА

### **Дисциплинска одговорност**

Член 92

(1) Судскиот службеник е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

(2) За повреда на службената должност судскиот службеник одговара дисциплински.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработениот во судската служба.

(4) Секој судски службеник, судија и друго лице во согласност со закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против судски службеник, како и против судски администратор, која треба да биде образложена.

(5) За иницијативата одлучува непосредно претставениот или судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира или не е избран судски администратор, односно претседателот на судот за иницијативата против судскиот администратор.

(6) Предлог за поведување на дисциплинска постапка против судскиот службеник поднесува непосредно претпоставениот, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира или не е избран судски администратор.

(7) Предлог за поведување на дисциплинска постапка против судскиот администратор поднесува претседателот на судот.

### **Видови на дисциплински повреди**

Член 93

(1) Судскиот службеник и судскиот администратор одговара дисциплински за полесна и потешка дисциплинска повреда.

(2) Полесна дисциплинска повреда претставува полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на судот или на судскиот службеник и тоа:

- непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време,
- неуредно чување на службените списи и податоци,
- недоаѓање на работа два работни дена во текот на една календарска година без оправдување,
- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи со полесни последици од повредата,
- непристојно однесување на судскиот службеник при вршење на работа и работни задачи со полесни последици од повредата,
- недомаќинско користење и употреба на доверените финансиски средства и средствата за работа,
- неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот, судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран или не се избира судски администратор, за спреченоста за недоаѓање на работа и
- непостапувањето по обврската за оценување на судски службеник.

(3) Потешка дисциплинска повреда претставува потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на судот или угледот на судскиот службеник, и тоа:

- неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи,

- недоаѓање на работа два последователни работни дена без оправдување,
- искажување и застапување на политичко уверување во вршењето на работните задачи, учество во изборни активности или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време, доведување во прашање на својот статус на судски службеник со вршење на партиски активности, носење или истакнување на партиски симболи во работната просторија,
- одбивање на давање или давање на неточни податоци на институциите, односно на граѓаните и правните лица, доколку давањето на податоци е утврдено со закон и Судскиот деловник,
- незаконито располагање со материјалните и финансиските средства,
- одбивање на вршење на работни задачи поврзани со работното место на кое е распореден,
- одбивање на писмена наредба или задолжение за извршување на работни задачи поврзани со работата на судот издадени од непосредно претпоставениот, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, во случај на неодложна потреба,
- непреземање или нецелосно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети во работата,
- предизвикување на материјална штета со намера или од крајно невнимание,
- повторување на полесна дисциплинска повреда предвидена во ставот (2) од овој член повеќе од два пати во тековната година,
- примање на подароци или друг вид корист,
- злоупотреба на доверените овластувањата во вршењето на работните задачи,
- злоупотреба на боледување,
- злоупотреба на лични податоци,
- злоупотреба на доверливи податоци,
- оддавање класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон,
- употреба и работење под дејство на алкохол или наркотични средства,
- непридржување кон прописите за заштита од болест, безбедност и здравје при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и на прописите за заштита на животната средина,
- поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на судски службеник,
- навредливо или насилничко однесување на работното место,
- избегнување на задолжителен психијатриски и психолошки преглед, односно советување со психолог (психолошко советување) за припадниците на судската полиција,
- одбивање на обука за судска полиција и
- однесување спротивно на одредбите на Кодексот за етика на вработените во судската служба.

**Дисциплински мерки**

Член 94

(1) Со одлука за утврдена полесна дисциплинска повреда на судскиот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:
- писмена опомена и

- парична казна во висина од 10% од висината на едномесечниот износ на нето-платата исплатена во последниот месец пред сторената полесна дисциплинска повреда, во траење од еден до три месеци.

(2) Со одлука за утврдена потешка дисциплинска повреда на судскиот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

- парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето-платата исплатена во последниот месец пред сторената потешката дисциплинска повреда во траење од еден до шест месеци и

- престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за судот, а притоа не се утврдени олеснителни околности за судскиот службеник кој ја сторил потешката дисциплинска повреда.

(3) При изрекување на дисциплинските мерки од ставовите (1) и (2) на овој член се земаат предвид тежината на повредата, последиците од повредата, степенот на одговорноста на судскиот службеник, околностите под кои е сторена повредата, неговото поранешно однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности кои се од значење за изрекување на дисциплинската мерка.

(4) Збирот на паричните казни изречени на судскиот службеник во еден месец за полесна дисциплинска повреда и потешка дисциплински повреда и намалувањето на плата заради слаб учинок не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

(5) Одлуките од ставовите (1) и (2) на овој член, задолжително се извршуваат по нивната правосилност.

**Изрекување на дисциплинска мерка за полесна дисциплинска повреда**

Член 95

(1) Врз основа на поднесената иницијатива од член 92 став (4) од овој закон, за покренување на дисциплинска постапка за полесна дисциплинска повреда, судскиот службеник има право во рок од пет работни дена да даде писмен одговор за наводите содржани во иницијативата.

(2) Доколку врз основа на иницијативата и писмениот одговор, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира или не е избран судски администратор утврди дека не постојат основи за дисциплинска одговорност на судскиот службеник, постапката се запира.

(3) Дисциплинските мерки против судски службеник за полесна дисциплинска повреда ги изрекува судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, во рок од 15 дена од денот на добиениот писмен одговор од судскиот службеник.

(4) За иницијативата за покренување на дисциплинска постапка за полесна дисциплинска повреда против судскиот администратор одлучува претседателот на судот.

(5) Дисциплинските мерки против судски администратор за полесна дисциплинска повреда ги изрекува претседателот на судот во рок од 15 дена од денот на добиениот писмен одговор од судскиот администратор.

(6) Против одлуките од ставовите (3) и (5) на овој член, незадоволниот судски службеник односно судски администратор има право во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката да поднесе жалба преку судот до Советот.

**Дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда**

Член 96

(1) Предлог за поведување на дисциплинска постапка против судскиот службеник, по сопствена иницијатива или врз основа на поднесена иницијатива за покренување на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда против судски службеник поднесува непосредно претпоставениот, односно судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член, се доставува до судскиот службеник и синдикалната организација чиј член е судскиот службеник.

(3) Судскиот службеник има право да ангажира полномошник, адвокат или застапник од синдикална организација за да ги застапува неговите интереси во дисциплинската постапка.

(4) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, во рок од осум дена од поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, со решение формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда (во понатамошниот текст дисциплинска комисија), во кое се содржани причините за поведување на постапката.

(5) Дисциплинската комисија од ставот (4) на овој член, е составена од три члена и нивни заменици, од кои претседателот е раководен судски службеник и двајца судски службеници, од кои еден судски службеник е на исто ниво како вработениот против кој се води дисциплинската постапка. Еден од членовите на Комисијата од ставот (4) на овој член е претставник на синдикатот.

(6) По исклучок, во случај на неможност да се формира Комисијата на начинот предвиден со став (5) на овој член, Дисциплинската комисија е составена од стручни судски службеници, односно од редот на помошно-стручните судски службеници.

(7) Претседателот на Дисциплинската комисијата е должен во рок од три дена од формирањето на дисциплинската комисија, до судскиот службеник да го достави предлогот за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, а судскиот службеник може да даде писмен одговор по поднесениот предлог најдоцна до денот на одржувањето на седницата.

(8) Претседателот на Дисциплинската комисија е должен најдоцна во рок од 30 дена од денот на формирањето на Дисциплинската комисијата да закаже седница, за која уредно седум дена пред одржување на истата ги поканува членовите на Комисијата и судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка.

(9) Судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда, на седницата може и лично да се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, а доколку од оправдани причини не може да присуствува на седницата, должен е да приложи доказ за оправданоста на отсуството.

(10) Доколку судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда лично или писмено не се произнесе по наводите во предлогот за покренување на дисциплинска постапка, Комисијата од ставот (4) на овој член, ќе ја спроведе дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда без негово присуство.

(11) Дисциплинската комисија од ставот (1) на овој член, по изведувањето на доказите и писменото или лично произнесувањето на судскиот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда, со мнозинство гласови, преку тајно гласање се изјаснува за дисциплинската одговорност на судскиот службеник.

(12) Доколку Дисциплинската комисија утврди дека судскиот службеник не е одговорен или не се исполнети условите за донесување решение за изрекување на дисциплинска мерка, му предлага на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, да го одбие предлогот, за што истиот е должен во рок од пет дена да донесе решение за одбивање на предлогот.

(13) Доколку Дисциплинската комисија утврди дека судскиот службеник е одговорен, претседателот и членовите тајно гласаат за една од дисциплинските мерки од членот 94 став (2) од овој закон.

(14) Дисциплинската мерка која добила најмногу гласови му се предлага на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, кој во рок од пет дена од доставувањето на предлогот на Дисциплинската комисија, донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка.

(15) Доколку како дисциплинска мерка е изречена парична казна согласно со членот 94 став (2) од овој закон, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, го определува времетраењето на дисциплинската мерка.

(16) Доколку судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, изрече дисциплинска мерка различна од предложената од Дисциплинската комисијата, истиот е должен истата да ја образложи со задолжително наведување на причините поради кои изрекол дисциплинска мерка различна од предложената.

(17) Решението за одбивање на предлогот, односно за изрекување на дисциплинска мерка се врачува лично на судскиот службеник, по правило во работните простории на судот во кој судскиот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое судскиот службеник секојдневно доаѓа на работа.

(18) Ако судскиот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето на предлогот за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда или решението се објавува на огласната табла во судот. По изминувањето на пет дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(19) Начинот на водењето на дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда го пропишува министерот за правда.

**Дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда на судскиот администратор**

Член 97

(1) Предлог за поведување на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда против судскиот администратор поднесува претседателот на судот, по сопствена иницијатива или по поднесена иницијатива од членот 92 став (4) од овој закон за која оценил дека е основана.

(2) Претседателот на судот во рок од осум дена од денот на поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда против судскиот администратор, со решение формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, во кое се содржани причините за поведување на постапката.

(3) Дисциплинската комисија од ставот (2) на овој член, е составена од три члена и нивни заменици, од кои двајца раководни, односно стручни судски службеници од судот и еден судски администратор, кој не е член на Советот. Еден од членовите на Комисијата од ставот (2) на овој член е претставник на синдикатот.

(4) На барање на претседателот на судот каде што се води дисциплинската постапка, Советот треба да достави листа судски администратори, кои во моментот не се членови на Советот.

(5) По предлогот за изрекување на дисциплинска мерка на Дисциплинската комисија одлучува претседателот на судот.

**Застареност на поведување на дисциплинска постапка**

Член 98

(1) Дисциплинската постапка за полесна дисциплинска повреда не може да се поведе ако поминале шест месеци од денот на сторувањето, односно ако поминале три месеци од денот кога непосредно претпоставениот дознал за полесната дисциплинска повреда.

(2) Дисциплинската постапка за потешка дисциплинска повреда не може да се поведе ако поминала една година од денот кога е сторена потешка дисциплинска повреда, односно ако поминале шест месеци од денот кога непосредно претпоставениот дознал за потешката дисциплинска повреда.

(3) Ако повредата на службената должност повлекува и кривична одговорност поради сторено кривично дело на или во врска со работното место и за кое е изречена правосилна судска пресуда, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на судскиот службеник застарува во рок од три месеци од денот на правосилноста на пресудата.

**Извршување на парична казна**

Член 99

(1) Задршката од плата, на име изречени парични казни на судскиот службеник за сторена полесна дисциплинска повреда или потешка дисциплинска повреда, во текот на еден месец не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

(2) Ако на судскиот службеник, му престане работниот однос во судот во кој му била изречена парична казна, наплатата на изречената парична казна, по барање на судот во којшто казната е изречена, ќе ја спроведе новиот работодавач или надлежен орган во постапка утврдена со закон.

**Суспензија**

Член 100

(1) Судскиот службеник може да биде суспендиран од судот врз основа на решение на претседателот на судот, а по предлог на непосредно претпоставениот или судскиот администратор.

(2) Судскиот службеник може да биде суспендиран од судот во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда, а повредата е од таква природа што неговото натамошно присуство во судот додека трае постапката штетно ќе се одрази врз службата, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплинската повреда.

(3) Суспензијата од ставот (2) на овој член, трае до донесувањето на правосилна или конечна одлука.

(4) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член, не го одлага неговото извршување.

**Материјална одговорност на судскиот службеник**

**Надоместок за причинета штета**

Член 101

(1) Судскиот службеник, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета на судот, е одговорен за настанатата штета и е должен да ја надомести.

(2) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор односно претседателот на судот кога за причинетата штета е одговорен судскиот администратор, формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност.

(3) За составот на Комисијата важат одредбите од членот 96 став (5) и став (6) и членот 97 став (3) од овој закон.

(4) Комисијата за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(5) Комисијата за водење на дисциплинска постапка за материјална одговорност, за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, односно претседателот на судот кога за причинетата штета е одговорен судскиот администратор, донесува решение за надоместокот на штета.

(6) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, односно претседателот на судот кога за причинетата штета е одговорен судскиот администратор, во рок од 15 дена од денот на утврдување на висината на штетата, ќе му понуди на судскиот службеник да даде изјава со која ќе се согласи да ја надомести истата преку одбивање на определен паричен износ од плата, но не повеќе од една третина од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

(7) Доколку судскиот службеник не даде изјава со која се согласува да ја надомести штетата, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран или не се избира судски администратор, односно претседателот на судот кога за причинетата штета е одговорен судскиот администратор, ќе поведе постапка согласно Законот за облигационите односи.

(8) Начинот на водењето на постапка за уредување на материјална одговорност го пропишува министерот за правда.

**Надоместок за претрпена штета**

Член 102

(1) Ако судскиот службеник претрпи штета на работа или во врска со работата, судот е должен да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Судот е должен да ја надомести материјалната штета што судскиот службеник во вршењето на работите и работните задачи ја предизвикал кон трети лица.

**Жалби во постапки за одговорност на судските службеници**

Член 103

Против решението со кое е изречена дисциплинска мерка за полесна дисциплинска повреда, потешка дисциплинска повреда, решението за суспензија и решението за надоместок на штета, судскиот службеник има право да изјави жалба преку судот до Советот во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

XIV. ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Видови на престанок на работен однос**

Член 104

На судскиот службеник му престанува работниот однос:

- со спогодба,
- по негово барање,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

**Престанок на работен однос со спогодба**

Член 105

На судскиот службеник му престанува работниот однос со спогодба кога со претседателот на судот ќе склучи писмена спогодба за престанок на работниот однос.

**Престанок на работен однос по барање на судскиот службеник**

Член 106

(1) На судскиот службеник му престанува работниот однос во судот, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

(2) Во случај на престанок на работниот однос по барање на судскиот службеник, отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работниот однос, освен ако со закон поинаку не е утврдено.

**Престанок на работен однос по сила на закон**

Член 107

(1) На судскиот службеник му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност, со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,
- му престане државјанството на Република Северна Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Северна Македонија,
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,

- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,

-поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,

- ги исполни условите за старосна пензија согласно закон,

- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно,

- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,

- во рок од три работни дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство,

- органот на државната управа, надлежен за инспекциски надзор, во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и

- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

**Решение за престанок на работен однос**

Член 108

(1) Решението за престанок на работниот однос на судскиот службеник го донесува претседателот на судот.

(2) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на судскиот службеник, по правило во работните простории на судот во кој работи, односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште.

(3) Ако судскиот службеник не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла во судот и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

**Жалба против решение за престанок на работен однос**

Член 109

(1) Против решението за престанок на работниот однос, судскиот службеник има право на жалба преку судот до Советот во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(2) Советот одлучува по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на решението за престанок на работниот однос до донесувањето на конечното решение по жалбата.

XV. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СУДСКАТА СЛУЖБА

**Право на жалба**

Член 110

(1) Судскиот службеник на кој со решение му е повредено право од работен однос има право на жалба до Советот во рок од осум дена од приемот на решението, освен кога со овој закон поинаку не е утврдено.

(2) Советот е должен да одлучи по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата, освен кога со овој закон поинаку не е утврдено.

**Заштита на право пред надлежен суд**

Член 111

(1) Вработениот во судската служба кој не е задоволен од конечната одлука на Советот или ако Советот не одлучил во рок од 15 дена од приемот на жалбата, има право во рок од 15 дена од приемот на решението да бара заштита на своите права пред надлежен суд.

(2) Вработениот во судската служба не може да бара заштита на правото пред надлежен суд ако претходно не барал заштита на правото пред Советот, освен за правото на парично побарување.

## XVI. РЕГИСТАР НА СУДСКА СЛУЖБА

**Регистар на вработените во судската служба**

Член 112

(1) Стручната служба на Судскиот буџетски совет води регистар на вработените во судската служба, како база на податоци кои претставуваат класифицирани информации со степен на тајност определен согласно со закон.

(2) Судот е должен секој податок за настанатата промена во податоците на вработените во судската служба да го внесе во програмот за материјално и финансиско работење (АБМС) на Судскиот буџетски совет во рок од 15 дена од настанатата промена.

**Доставување на податоци до Регистарот на вработени во јавниот сектор**

Член 113

Судот е должен секој податок за настанатата промена во податоците на вработените во судската служба покрај до стручната служба на Судскиот буџетски совет во рок од 15 дена од настанатата промена да го достави и до Министерството за јавна администрација, заради внесување на податоците во Регистарот на вработени во јавниот сектор.

## XVII. ПЛАТИ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ ВО СУДОВИТЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА И ДРУГИ ПОМОШНО-ОРГАНИЗАЦИСКИ РАБОТИ

Член 114

Платите на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи се во рамките на платите утврдени за административно-техничките судски службеници во зависност од степенот на образование, работното место на кое се распоредени согласно со актот за систематизација на работните места и работното искуство.

## XVIII. СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Член 115

(1) Надлежностите на судската полиција, правата и обврските, вработувањето, дисциплинската одговорност на припадниците на судската полиција и други прашања од надлежност на судската полиција се уредуваат со овој закон.

(2) Правата од работен однос ги остваруваат согласно со овој закон, Закон за работни односи, Закон за судовите, колективни договори и другите прописи што ги уредуваат правата од работен однос.

Член 116

(1) Обезбедувањето на објектите, имотот, лицата и одржувањето на редот во судот го врши судската полиција.

(2) Вработените во судската полиција се овластени службени лица.

(3) Припадниците на судската полиција поседуваат службена легитимација.

(4) Формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на судската полиција ги пропишува министерот за правда.

Член 117

(1) Во судовите со судската полиција раководи претседателот на судот.

(2) Со судската полиција непосредно командува командир на судската полиција, кој постапува по насоките и упатствата на претседателот на судот и командантот на судската полиција на Република Северна Македонија.

(3) Командирот на судската полиција има заменик.

(4) Претседателот на судот донесува План за обезбедување на судот. Формата и содржината на Планот за обезбедување на судот ја донесува министерот за правда.

Член 118

(1) Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија назначува командант на судската полиција во Република Северна Македонија од редот на припадниците на судската полиција во Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој е со високо образование согласно актот за систематизација на работните места и најмалку две години работно искуство како припадник на судската полиција.

(2) Претседателот на судот од редот на припадниците на судската полиција назначува командир и заменик командир, кој е со високо образование согласно актот за систематизација на работните места и најмалку една година работно искуство како припадник на судската полиција.

(3) Командант, командир и заменик-командир може да се вработи и со објавување на јавен оглас доколку нема вработен во судската полиција со соодветно високо образование.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, претседателот на судот во периодот до пополнување на работното место командир или заменик командир, определува судски полицаец од вработените во судот да ги врши работите од нивниот делокруг, најмногу до една година.

Член 119

Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за правда донесува прописи за:

- вооружувањето и опремата на судската полиција,
- ознаките за звањата и униформата,
- употребата на огнено оружје, гумена палка и други средства на присилба,
- начин на вршење на работите на судската полиција,
- времетраењето на облеката, чевлите и посебно личната опрема,
- психофизичките способности што треба да ги поседуваат лицата кои се примаат на работа и
- материјалното работење со предметите на вооружувањето и посебната лична опрема и внатрешните односи во судската полиција.

## 1. КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА НА СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 120

(1) Работните места на судската полиција се класифицираат согласно со:

- одговорноста, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и
- потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење на работното место.

(2) Критериумите од ставот (1) алинеја 2 на овој член и во актот за систематизација на работни места на судот се утврдуваат како посебни услови за работното место.

**Категории на работни места на судската полиција**

Член 121

(1) Согласно со критериумите од членот 120 став (1) од овој закон, работните места на судската полиција се класифицираат во две категории и тоа:

- категорија Б – раководни судски полицајци и
- категорија В – судски полицајци.

(2) Во рамките на секоја категорија од ставот (1) на овој член се утврдуваат повеќе нивоа на работни места на судската полиција.

**Звања на работни места на судската полиција**

Член 122

За судската полиција, нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање и тоа:

- Б1 - командант на судската полиција во Врховниот суд на Република Северна Македонија,
- Б3 - командир на судската полиција,
- Б4 - заменик-командир на судската полиција и
- В1 судски полицаец.

**Ниво на работно место на судската полиција од категорија Б**

Член 123

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа:

- Б1 - командант на судската полиција во Врховниот суд на Република Северна Македонија,
- Б3 - командир на судската полиција и
- Б4 - заменик-командир на судската полиција.

(2) Раководните судски полицајци од ставот (1) на овој член, покрај општите услови утврдени во членот 23 став (1) од овој закон, треба да ги исполнат следните посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации и потребно работно искуство и тоа:

- за нивото Б1 со звање командант на судска полиција: стекнати 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и да има завршено високо образование (од областа на безбедноста, одбраната или правен факултет) и најмалку две години работно искуство во струката,

- за нивото Б3 со звање командир на судска полиција: стекнати 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и да има завршено високо образование (од областа на безбедноста, одбраната или правен факултет) и најмалку една година работно искуство во струката и

- за нивото Б4 со звање заменик - командир на судска полиција: стекнати 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и да има завршено високо образование (од областа на безбедноста, одбраната или правен факултет) и најмалку една година работно искуство во струката;

2) познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски јазик) и познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

3) да е подобен за носење оружје во согласност со прописите за поседување и носење на оружје;

4) да е психофизички способен за вршење на работите од судската полиција;

5) да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето преку безбедносна проверка и

6) други услови предвидени во актот на систематизација на работното место.

(3) Видот на високото образование од ставот (2) точка 1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член е определен со актот за систематизација на работните места во судот.

**Ниво на работно место на судската полиција од категорија В**

Член 124

(1) Во рамките на категоријата В е утврдено следново ниво:

- В1 - судски полицаец.

(2) стручни квалификации и потребно работно искуство за нивото В1 со звање судски полицаец:

1) да има завршено најмалку средна стручна спрема – IV или 240 кредити според ЕЦВЕТ, со или без работно искуство во струката;

2) да не е постар од 25 години;

3) да е подобен за носење оружје во согласност со прописите за поседување и носење на оружје;

4) да е здравствено и психофизички способен за вршење на работите од судската полиција;

5) да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето преку безбедносна проверка и

6) други услови предвидени во актот на систематизација за работното место.

2. ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 125

(1) Пополнувањето на работните места во судската полиција се врши преку објавување на јавен оглас, интерен оглас и мобилност.

(2) Слободно работно место во судската полиција може да се пополни со преземање на судски полицаец од друг суд на работно место на исто ниво, преземање од органи на државната управа, државни органи и други државни институции кој припаѓа на групата II на овластени службени лица од Законот за вработените во јавниот сектор, доколку ги исполнат посебните услови од член 123 и членот 124 од овој закон, со исклучок на условот за возраст.

(3) Проверката на исполнетоста на условите за вработување и унапредување ја врши судот кој го распишал јавниот оглас или интерниот оглас.

(4) Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по предлог на командантот на судската полиција, со одлука го утврдува бројот на судски полицајци во секој суд.

Член 126

(1) Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција, проверка на психофизичките способности, полагање на испит и интервју.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член, се спроведува соодветно согласно со одредбите за вработување на судските службеници на јавен оглас, уредени со овој закон.

Член 127

По конечноста на одлуката за избор, претседателот на судот донесува решение за вработување на кандидатот за припадник на судската полиција.

Член 128

(1) Лице кое за првпат започнува да врши работи на судската полиција, по засновање на работниот однос, има статус на судски полицаец-приправник.

(2) Судски полицаец-приправник се обучува за самостојно и стручно вршење на работите и задачите на работното место за кое засновал работен однос.

**Менторство**

Член 129

(1) Менторство како метод се остварува преку пренесување на знаења и вештини на приправникот-судски полицаец, а се врши преку следење и оспособување за практична работа во која менторираниот приправник-судски полицаец ги спроведува своите работни задачи.

(2) Менторство на приправник-судски полицаец се врши во судот во кој се вработува.

(3) Менторството на приправник - судски полицаец трае шест месеци.

(4) За ментор на приправник- судски полицаец, претседателот на судот со решение го назначува командирот на судска полиција или неговиот заменик, а доколку нема назначени командир или заменик, еден од припадниците на судската полиција со најмалку пет години работен стаж во истиот суд.

(5) Доколку во судот нема вработен судски полицаец претседателот на судот ќе побара од друг суд во истото апелационо подрачје да се изврши менторирањето на приправникот-судски полицаец.

(6) Менторот и менторираниот работник, по успешно завршеното менторство, подготвуваат изјави за завршено менторство.

Член 130

Судскиот полицаец-приправник, по завршување на приправничкиот стаж, полага приправнички испит пред Комисија за вработување на судска полиција, формирана од претседателот на судот и составена од:

- двајца припадници на судската полиција, од кои еден е припадник на судската полиција кој го спровел менторството или двајца судски службеници и командантот на судската полиција, доколку нема во судот вработено судски полицајци и
- еден раководен, односно стручен судски службеник.

Член 131

(1) Начинот на полагањето на приправничкиот испит на приправникот за судски полицаец е пропишан во Програмата за едукација, тренинг и начин на полагањето на приправничкиот испит на вработените во судската полиција, која на предлог на командантот на судската полиција на Република Северна Македонија ја донесува претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(2) Претседателите на судовите најдоцна до декември тековната година донесуваат планови за реализација на Програмата од ставот (1) на овој член за идната година.

**Интерен оглас**

Член 132

(1) Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на судските полицајци унапредување, односно преминување на работно место на повисоко ниво од пониско работно место, во рамките на иста категорија.

(2) Постапката се спроведува соодветно согласно одредбите за вработување на судските службеници на интерен оглас уредени со овој закон.

Член 133

На интерниот оглас може да се јави судски полицаец вработен во судот во кој е објавен интерниот оглас и:

- поминал најмалку пет години на работното место на кое е распореден,
- позитивно е оценет во последните две години и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Пријава за унапредување**

Член 134

(1) Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас за унапредување со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата ја доставуваат до судот кој го објавил интерниот оглас.

(2) Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од пет, односно подолг од десет дена од денот на неговото објавување.

(3) Пријавата од ставот (1) на овој член содржи име и презиме, тековно работно место, ниво, звање и работно искуство на пријавениот кандидат, како и податоци во врска со менторството од членот 129 став (6) од овој закон.

(4) Кон пријавата кандидатите приложуваат потврди за успешно реализирани обуки.

(5) Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Член 135

Судскиот полицаец има право и обврска во текот на годината стручно да се обучува во согласност со потребите на судската полиција, врз основа на Програмата и плановите согласно член 131 од овој закон.

## Управување со учинок на судската полиција

Член 136

(1) За следење на резултатите од работата на судската полиција согласно со работните цели и задачи на работното место и унапредување, се воспоставува систем на мерење на учинок на работата судската полиција.

(2) Судските полицајци од категоријата Б ги оценува еден судски полицаец во судот и командирот во судот.

(3) Заменик командир на судска полиција го оценува еден судски полицаец во судот и командирот во судот.

(4) Командирот на судската полиција ги оценува претседателот на судот и Командантот на судската полиција на Република Северна Македонија.

(5) Командантот на судската полиција на Република Северна Македонија го оценува Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и командирот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(6) Оценување се врши еднаш годишно, со описна оценка „особено се истакнува", „се истакнува", „задоволува", „делумно задоволува" и „не задоволува".

(7) Добар учинок претставува оценувањето со „истакнува" и „особено се истакнува".

(8) Слаб учинок е „делумно задоволува" и „не задоволува".

(9) Во однос на учинокот се применуваат одредбите од овој закон за мерки за одличен и слаб учинок за судските службеници.

## Надзор над работата на судската полиција

Член 137

(1) Надзор над работата на судската полиција во судовите на Република Северна Македонија врши претседателот на судот и командантот на судската полиција на Република Северна Македонија.

(2) Надзор над спроведената обука на судската полиција во судовите на Република Северна Македонија врши командантот на судската полиција на Република Северна Македонија.

(3) За вршење на надзор над работата на судската полиција од страна на претседателот на судот, се формира Комисија за вршење на надзор во состав од судски администратор, односно судски службеник од највисоко ниво во судот, командир на судска полиција од апелационото подрачје на судот и судски полицаец од апелационото подрачје на судот.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член, врши редовен годишен надзор во судот и за извршениот надзор доставува извештај до претседателот на судот и командантот на судската полиција на Република Северна Македонија.

(5) Доколку во извештајот од ставот (4) на овој член, се констатираат неправилности во врска со работата на судската полиција, Комисијата од ставот (3) на овој член, предлага мерки и активности за отстранување на утврдените недостатоци и доставува предлог за поведување на дисциплинска постапка за припадник на судската полиција.

(6) Доколку командантот на судската полиција на Република Северна Македонија при вршење на надзорот утврди неправилности за кои е одговорен претседателот на судот, за тоа го известува Судскиот совет на Република Северна Македонија.

(7) Правилата за вршење на надзорот на работата на припадниците на судската полиција со упатство ги пропишува претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## 3. ОДГОВОРНОСТ НА СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА

**Дисциплинска одговорност**

Член 138

(1) Судскиот полицаец е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

(2) За повреда на службената должност одговара дисциплински.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на судскиот полицаец.

(4) Одредбите за дисциплинска и материјална одговорност од овој закон кои се однесуваат на судските службеници соодветно се применуваат и на судската полиција.

(5) Предлогот за поведување на дисциплинска постапка на судски полицаец поднесува претседателот на судот и истиот ги донесува решенијата за изрекување на мерките од дисциплинските постапки и суспензија и ги спроведува одлуките по дисциплинските постапки.

## 4. ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 139

(1) Судската полиција има право на плата и надоместоци од плата, којашто одговара на нивната сложеност на работното место, според услови и критериуми утврдени со овој закон и колективен договор.

(2) Платите и надоместоците од плата на судската полиција се обезбедуваат од судскиот буџет.

(3) Платите на судскатата полиција се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец, најдоцна до петнаесеттиот ден во тековниот месец.

(4) Придонесите и данокот на личниот доход на судската полиција ги плаќа судот со исплата на платата во согласност со закон.

(5) Судот е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и данокот на личниот доход и за нив на судската полиција им издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

Член 140

Платата на судската полиција се состои од две компоненти, и тоа:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

**Основна компонента на плата**

Член 141

(1) Основната компонента на плата на припадниците на судската полиција ја сочинуваат:

- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование, (утврден со актот за систематизација на работните места), за работното место на кое е распореден,

- дел на плата за звање и
- дел на плата за стаж.

(2) Минималната плата е онаа која министерот за економија и труд ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(3) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното звање на работно место, се вреднува на следниов начин:

Ниво на квалификации VIII, 480 кредити според ЕКТС или завршен VII/3 степен 157 бодови,

- Ниво на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен 129 бодови,
- Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 100 бодови,
- Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС 71 бодови,
- Ниво на квалификации V Б, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование 58 бодови и
- Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКЦОО или четиригодишно средно образование 1 бод.

(4) Делот на плата за звање на кое е распореден припадникот на судската полиција се вреднува на следниов начин:

- Б1 - Командант на судската полиција во Врховниот суд, 101 бодови,
- Б3 - Командир на судската полиција 51 бодови,
- Б4 - заменик-командир на судската полиција 48 бодови и
- В1 - судски полицаец 7 бодови.

(5) Приправник во судска полиција додека му трае приправничкиот стаж од шест месеци зема 80% од платата на судски полицаец В1.

(6) Делот на плата за работниот стаж се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(7) Зголемувањето на платата утврдено со колективен договор се пресметува и исплатува како составен дел на основната компонента на платата од ставот (1) на овој член.

**Вредност на бодот**

Член 142

Вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција се утврдува секоја година со одлука на Влада на Република Северна Македонија.

**Исклучителна компонента на плата**

Член 143

(1) Исклучителната компонента на плата ја сочинува додаток на плата за посебни услови за работа.

(2) Додаток на платата за посебни услови за работа претставува:

- ноќна работа,
- работа во смени, односно турнуси,
- работа изложена на висок ризик,
- работа во недела,

- работа за време на празници утврдени со закон.

(3) Работите под посебни услови од ставот (2) на овој член се предвидуваат во актите за систематизација на работните места.

Член 144

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата.

Член 145

(1) Судски полицаец кој е распореден да работи во смени, односно во турнуси, има право на додаток од 5% од износот на часот пресметан на основната плата.

(2) Додаток за работа во смени се пресметува во ефективни часови поминати на работа.

Член 146

Судски полицаец кој бил ангажиран да работи во недела има право на додаток во износ од 5% по час пресметан на основната плата за часовите поминати на работа во недела.

Член 147

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, судскиот полицаец има право на додаток  на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50 %.

Член 148

(1) Судскиот полицаец има право на додаток на плата ако работи подолго од полно работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата.

(2) Припадник на судската полиција кој работел подолго од полното работно време,додатокот од ставот (1) на овој член има право да го замени со слободни часови,односно денови.

Член 149

Поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат од судската полиција, износот на средствата наменети за плата се зголемуваат за 20% од износот на основната плата.

Член 150

(1) Судските полицајци носат а униформа со ознака на звањето и со други посебни ознаки и се вооружени согласно со прописите за вршењето на службата.

(2) Судовите се должни да обезбедат средства за работа на припадниците на судската полиција, униформи, вооружување и друга опрема во согласност со овој закон.

## 5. ОВЛАСТУВАЊА НА СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 151

Судските полицајци се овластени:

- да го утврдат идентитетот и причините за пристигнувањето на лицето во судот,
- да извршат претрес на  лицето и работите кои ги носи со себе во просториите во судот,
- да забранат влез во објектот со оружје, опасен алат, под дејство на алкохол или други опојни супстанции,

- да забранат влез на неовластено лице да влезе во објектот на судот надвор од работното време, а во работно време да не дозволи влезе во одредени простории,

- да задржи лице кое  е затекнато во извршување на кривично дело и веднаш за тоа да го извести Министерството за внатрешни работи,

- да ги отстранат од зградата лицата кое го нарушуваат редот и мирот, лицата кои не се соодветно облечени на начин што го зачувува угледот и достоинството на судот и

- преземање на дејствија за заштита на судот, лицата и имотот во судот.

Член 152

(1) При вршењето на службени работи, судските полицајци можат да употребат огнено оружје во судот и околу судот, во следниве случаи:

1) да го заштитат животот на присутните во судот;

2) да спречат бегство на лице затечено во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност и ако постојат основи на сомнение дека ќе употреби огнено оружје во судот и околу судот;

3) да одбијат од себе непосреден противправен напад со кој се загрозува нивниот живот и

4) да одбијат напад на судот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, судските полицајци ќе употребат огнено оружје само ако со употреба на физичка сила, гумена палка или други средства на присилба не можат да ја обезбедат работата.

Член 153

Ако средствата за присилба и огнено оружје се употребени во границите на овластувањето, исклучена е одговорноста на судскиот полицаец што го употребил средството или огненото оружје.

Член 154

(1) На судскиот полицаец времено ќе му се одземе службеното огнено оружје и муницијата, кога судот ќе добие известување од надлежна институција, за започната постапка против него за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, до правосилноста на одлуката во кривичната, односно прекршочната постапка.

(2) На судскиот полицаец времено ќе му се одземе службеното огнено оружје и муницијата, кога судот ќе добие известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, до правосилноста на одлуката на надлежен суд за привремена мерка за забрана.

(3) Одземањето на службеното огнено оружје и муницијата од ставовите (1) и (2) на овој член, трае до завршувањето на постапката која последна ќе заврши со правосилна одлука.

(4) Одземањето на огненото оружје и муницијата ќе се изврши согласно прописите од овој закон.

Член 155

(1) На судскиот полицаец на кој времено ќе му се одземе службеното огнено оружје и муницијата, претседателот на судот ќе го распореди на определено време на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службено огнено оружје.

(2) Распоредувањето од став (1) на овој член, е до правосилноста на одлуката донесена во судската постапката која се води против судскиот полицаец.

Член 156

(1) На судски полицаец за кој е поведена постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, односно е добиено известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, претседателот на судот го упатува на задолжителен психијатриски и психолошки преглед, односно советување со психолог (психолошко советување).

(2) Наодот од психијатрискиот и психолошкиот преглед, односно советувањето со психолог (психолошко советување) со задолжителен наод и мислење за способноста на судскиот полицаец да може да биде распореден на работно место со овластување за носење и употреба на службено огнено оружје се доставува до судот во кој е вработен судскиот полицаец.

Член 157

Кога кај судскиот полицаец е утврдено дека поради нарушена психофизичка или општа здравствена способност е неспособен за вршење на работите и задачите од работното место со овластување за носење и употреба на службено огнено оружје на кое е распореден, а истовремено не ги исполнува условите за стекнување право на инвалидска пензија согласно закон, претседателот на судот ќе го распореди на неопределено време на соодветно работно место без овластување за носење и употреба на службено огнено оружје.

Член 158

(1) Судската полиција правото на штрајк може да го остварува на начин да не се загрози безбедноста на судот, да не се нарушува редовното извршување на работата на судот, ниту да се попречува работата на другите служби во судот и пристапот на странките во него.

(2) Организаторот на штрајкот е должен да им го најави штрајкот на министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и претседателот на соодветниот суд, и да ја достави одлуката за стапување во штрајк и програмата за начинот и обемот на вршење на работните задачи на судската полиција кои е неопходно да се извршуваат за време на штрајкот, најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

## 6. ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС НА СУДСКИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ

### Видови на престанок на работен однос

Член 159

На судскиот полицаец му престанува работниот однос:
- со спогодба,
- по негово барање,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

### Престанок на работниот однос со спогодба

Член 160

На судскиот полицаец му престанува работниот однос со спогодба, кога со претседателот на судот ќе склучи писмена спогодба за престанок на работниот однос.

**Престанок на работен однос по барање на судскиот полицаец**

Член 161

(1) На судскиот полицаец му престанува работниот однос во судот, ако поднесе писмено барање за престанок на работниот однос.

(2) Во случај на престанок на работниот однос по барање на судскиот полицаец отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работниот однос, освен ако со закон поинаку не е уредено.

**Престанок на работен однос по сила на закон**

Член 162

На судскиот полицаец му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност, со денот на доставувањето на правосилното решение за утврдување на загубената работна способност,
- му престане државјанството на Република Северна Македонија, со денот на доставувањето на решението за отпуст од државјанство на Република Северна Македонија,
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата,
- му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата,
-поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,
- доколку судскиот полицаец- приправник не го положи приправничкиот испит,
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,
- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,
- во рок од три работни дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство поради стручното оспособување или усовршување,
- органот на државната управа, надлежен за инспекциски надзор, во рок од една година утврди дека вработениот е вработен спротивно на одредбите од овој закон и
- во други случаи утврдени со овој и друг закон и колективен договор.

Член 163

(1) На судски полицајци, поради тежината и природата на работите и посебните услови под кои тие се вршат, стажот на осигурување се смета со зголемено траење и тоа на секои 12 месеци ефективно поминати се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Судскиот полицаец кој навршил 55 години возраст (маж) односно 50 години возраст (жена), а не ги исполнува условите од членот 159 став (1) алинеја 4 од овој закон, на негово барање со писмена изјава може да побара да му престане работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж од кои 15 години стаж во судска полиција или сродни служби (Министерство за внатрешни работи, Министерството за одбрана и затворската полиција).

(3) Средствата за исплата на пензијата од ставот (2) на овој член, до навршување на годините на живот за остварување право на старосна пензија според прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување се обезбедуваат од судот во кој бил вработен судскиот полицаец

(4) Судскиот полицаец кој стекнува право на пензија од ставот 2 на овој член пензијата му се утврдува во висина од 80% од просечната месечна нето-плата што припадникот на судска полиција ја остварил во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж, со тоа што за секоја година пензиски стаж помалку од 40 години процентот ќе се намали за 0,5%.

(5) Со исполнување на условите за остварување на правото на старосна пензија, судот ќе му го прекине договорот за вработување на припадникот на судската полиција по сила на закон, со навршување на 40 години пензиски стаж на вработениот, без оглед на годините на живот.

**Решение за престанок на работен однос**

Член 164

(1) Решението за престанок на работниот однос на судскиот полицаец го донесува претседателот на судот.

(2) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на судскиот полицаец, по правило во работните простории на судот во кој работи, односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште.

(3) Ако судскиот полицаец не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла во судот и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

Член 165

(1) Против решението за престанок на работниот однос, судскиот полицаец има право на жалба преку судот до Советот во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението

(2) Советот одлучува по жалбата во рок од 15 дена од приемот на жалбата.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на решението за престанок на работниот однос до донесувањето на конечното решение по жалбата.

XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Статусни прашања**

Член 166

(1) Стекнатите права на вработените во судската служба во однос на признавањето на образованието и распоредувањето во соодветна категорија стекнати согласно прописите што важеле пред денот на отпочнување на примената на соодветните одредби од овој закон,остануваат во важност и не се губат.

(2) При утврдувањето на платата согласно овој закон, стекнатите права од ставот (1) на овој член соодветно се земаат предвид при пресметката на основната компонента на платата.

(3) По отпочнувањето на примената на одредбите од овој закон, вработените ќе го задржат статусот на судски службеник и сите стекнати права од работниот однос и работно место на кое се распоредени.

**Донесување на подзаконски акти**

Член 167

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 168

Актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места, претседателот на судот ќе ги донесе по претходна согласност на Советот, најдоцна 90 дена од денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

**Започнати постапки**

Член 169

(1) Постапките кои се однесуваат на вработување, утврдување на дисциплинска одговорност, оценување и други постапки започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ број 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 235 /22).

(2) На судскиот службеник на кој до денот на започнувањето на примена на овој закон при исплата на платата му се пресметуваат дополнителни бодови за стекнат степен на кариера во делот на плата за нивото согласно со Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ број 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 235/22), продолжува да му се пресметуваат како дополнителни бодови во делот на плата за нивото соодветно од категоријата, се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување.

**Започнување со примена**

Член 170

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ број 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 235/22).

**Влегување во сила**

Член 171

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година.